СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 декември 1992 година

Скопје, декември 1992 година

**НА ПЕДЕСЕТ И ТРЕТТА (53) СЕДНИЦА – ТРЕТО ПРОДОЛЖЕНИЕ**

**ОДРЖАНА НА 30.XII.1992 ГОДИНА**

| | |
|---|---|
| 1. МИТНО АНАСТАСОВСКИ | 2, 3, 45 |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | 10 |
| 3. ХАМИД АЛИУ | 25, 66 |
| 4. ФАИК АБДИ | 43,61 |
| 5. БРАНКО АРСОВСКИ | 46 |
| 6. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | 36, 40, 64 |
| 7. ТОДОР ДИМОВ | 7 |
| 8. БЕЌИР ЖУТА | 36 |
| 9. ИВАН ИВАНОВ | 11 |
| 10. РИСТО КЕЛЕШОВ | 69 |
| 11. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | 47 |
| 12. ДУШАН НИКОЛОВ | 64 |
| 13. ТИТО ПЕТКОВСКИ | 1 |
| 14. ТОДОР ПЕТРОВ | 15, 35, 36, 61 |
| 15. ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ | 57 |
| 16. НИКОЛА ПОПОВСКИ | 28, 39, 42 |
| 17. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | 5, 54 |
| 18.ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | 20, 48, 59 |
| 19. РИСТО СТАНКОВСКИ | 26 |
| 20. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | 67 |
| 21. ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ | 32, 36, 66 |
| 22. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | 52, 60, 65 |

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од продолжението на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 30 декември 1992 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Благоја Чкатровски и Наум Симјановски го најавија своето отсуство од денешната седница.

Ви предлагам да поминеме сега на точката 70 од дневниот ред, Предлог на одлука за изменување и дополнуваше на Одлуката за делумна реконструкција на системот за климатизација и комплетно решение на системот за гласање, пријавуваше на дискусија и дискусија од место. Ова од причина што го усвоивме Ребалансот на буџетот и сугестија е од Службава, за да не згаснат средствата, оваа одлука да ја донесеме оваа година.

Дали се согласувате да ја разгледаме прво оваа точка? (Се согласуваме).

**Минуваме на точката 70** - Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за делумна реконструкција на системот за климатизација и комплетно решение на системот за гласање, пријавување на дискусија и дискусија од место.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

I/2.- СС/МЛ

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Сите присутни во салава пратеници и луѓе од печатот, два дена не кажав ништо и размислував...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во врска со Одлуката господине.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Во врска со сите одлуки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, сега на дневен ред ја имаме Предлогот на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за делумна реконструкција на системот за ...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Господине претседателе за сите одлуки.

Поминуваат, јас не барам за себе никаков рејтинг ниту за мојата партија, за никој од вас рејтинг не барам. Две години поминав- ме во овие клупи и донесуваме разни одлуки, закони и подзакони. На бела виделина ништо не излегува. Еден пат од оваа говорница кажав дека треба да ги ставиме темелите на државата во темели. Меѓутоа, синојка размислувајќи и верувајте ми не спиев, дојдов до една констатација дека ние тука сме најголемите новатори за градење на една држава и донесување на одлуки. Од кога видовме дека темелите не можеме да ги ставиме на место, затоа што друг ден ги вадеа, ние, најголемите новатори во историјата на сите парламенти од светот почнавме да ја градиме куќата од чатијата. Одлуките ни служат за покриваше на чатијата а по- доцна ќе градиме надолу па ќе дојдеме до темелите.

Мене ми се чини дека сите одлуки, пододлуки, закони, подзакони ги донесуваме многу доцна. На вчерашната седница внимателно следев  и внимателно ги слушнав...

I/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ама јас ве молам, се извинувам што ве прекинувам...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе дојдам и на тоа. Напред се дава увод, а после преминуваме на целта.

Решивме и донесовме одлука од кога веќе беше поминато времето три и повеќе месеци. Така. Ќе ги продадеме јаболката скапани, ќе го дадеме буѓосаниот тутун, ќе ги задолжиме селаните да ги плаќаат порезите и даноците затоа што ние, трутовите треба да земеме плата и тие другите што работат. Ние, сето тоа ќе го донесеме, а ќе го донесеме многу доцна. Многу доцна ќе го донесеме. Се префрлуваме како зајаци од трнче на трнче. Не сакаме да ја спасуваме кожата, туку сакаме да се префрламе и да го смениме само местото и затоа стануваме и смешни и ние самите по себе си и пред целиот наш народ.

Зошто тоа го велам? Затоа што оставаме многу поважни прашања, темелни, не за покривот туку за темелите, темелни закони и се префрламе од едно прашање на друго, од еден закон на друг. Темелните закони ги забораваме. Во ниту еден парламент, во ниту една правна држава не се даваат 70 точки за разгледување на една седница. И ако направи ме рекапитулација не можеме да решиме ниту една точка од дневниот ред. Нам ни треба, да ме извинете, да останеме во овој Парламент и брадата, со извинување пред госпоѓите, да ни дојде до петиците па да ги решиме сите тие закони и сите тие точки што ги ставаме во дневниот ред.

Затоа ќе ве молам да бидеме поекспедитивни, да престанеме, да престанеме со филозофии, да престанеме да го измачуваме нашиот почитуван гледач односно оној кој не испратил во Парламентов и да се

I/4.-

координираат телата не за свои партиски цели, туку да се координираат за целите на овој народ кој чека од нас.

Ние не можеме да бидеме во Парламентот илјада години. Тоа секој од нас добро го знае. Ние ќе бидеме едно време кога ја градиме оваа држава. Филозофиите, партиските работи нека останат на местото каде ќе ги водиме тие партиски дискусии. Овде ќе се донесуваат закони согласно на законите што ќе произлегуваат од Уставот...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За одлуката господине Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Завчера слушнав и една работа, еве веднаш престанувам, завчера слушнав една друга работа со што наполно се согласувам и никој не може да ме демантира дека законите што ги донесуваме не се засноваат врз закон, врз Устав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа беше процедурално прашање.

Отворам општ претрес по Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (61 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

I/5.-

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за делумна реконструкција на системот за климатизација и комплетно решение на системот за гласање, пријавување на дискусија и дискусија од место.

Минуваме на **<u>точката 4</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за персоналниот данок од доход.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, ЗПК и Комисијата за стопанство ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, овој закон е еден сегмент од предложениот нов даночен систем на Република Македонија.

Бидејќи е Предлог за донесување на закон, расправата треба да се движи во насока дали има потреба од донесување на овој закон и основните начела на кои што треба да почива овој закон.

Според мене, најпрво да кажам дека како од овој закон, така исто и од Законот за данок на имот и Законот за добивка на корпорација има потреба од донесување и мислам дека сите ќе се согласите со тоа дека во многу наврати, по многу расправи, по доста закони ова Собрание меѓу другото има констатирано дека има потреба од донесување на нов даночен систем во Републикава. Ако е така, веќе со сите тие заклучоци на некој начин сме дале потврда за ставање на дневен ред на овие точки на денешнава седница. Кога е така, кога констатацијата за тоа дека има потреба од донесување на овој закон е тука, само сакам накратко да се осврнам на основните постулати на Законот.

I/6.-

Новиот даночен систем пред се треба да биде донесен така да го обезбеди пред се потребното ниво за финансирање на јавните приходи, а во таа насока секако треба да се зацрта и подносливо вкупно финансиско оптоварување, но исто така и порамномерно распоредување на даночниот товар, што би рекло даночниот систем да биде што поефикасен. Тоа е основниот постулат што треба да биде запазен при новиот даночен систем.

Новиот даночен систем треба да претрпи измени и во правец на донесување на пазарниот начин на стопанисување со што ќе се согласите дека сите се залагаме за тоа.

Исто така, новиот даночен систем треба да биде сличен на даночните системи во земјите на Европа заради подобра соработка со истите, но исто така треба да биде и конкурентен во однос на даночното оптоварување со нашите соседи.

Понатаму, сметам дека еден од битните моменти е едноставноста на даночниот систем што секако треба да се запази при донесувањето во оваа постапка.

Сигурно тука треба да се потенцира за доследна примена на новиот даночен систем, што претставува подготвеноста на даночната администрација што е една од најважните алки за успешноста на даночна-та реформа.

Треба што пореално, според мене, да се утврди даночната основица што не треба, како до сега, да биде што помала а да имаме по- високи даночни стапки, туку да биде обратно. Да имаме што пореално утврдена даночна основица, а што пониски стапки што би го дале ефектот тука некаде, или да имаме на некој начин дури и повисок даночен ефект.

Понатаму, даночните стапки треба да бидат прогресивни, но не со една доста остра прогресија, бидејќи тоа би претставувало прикривање на

реалните приходи, туку даночната прогресија треба да биде што поумерена.

Во оваа фаза од расправата кога го гледаме Предлогот за донесуваше на даночниот систем, како кај персоналниот данок, така и .кај данокот од имот и данокот од корпорации сметав да го кажам тоа што го кажав сега.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Веднаш на почетокот ќе кажам дека сум за донесување на законот за персоналниот данок, меѓутоа имам одредени забелешки што сакам да ги изнесам.

Прво, во општиот дел на законот се зборува за оданочуваше на нето приходите и тоа ќе го подвлечам кај членот 2 - Персонален данок од доход се плаќа годишно на збирот од нето приходите.

Во членот 3 - Од доход според кој се утврдува даночната основица, влегуваат следните видови нето приходи, па ги набројува: лични приходи од работен однос, приходи од земјоделска дејност, приходи од стопански професионална дејност, приходи од имот и други приходи. Значи и овде се зборува за нето приходи.

Меѓутоа, во делот каде се зборува за даночната основица, членот 11,)нагласено е - на обврзникот се признаваат како одбиток од даночната основица даноците: го исклучува основниот данок од доход а се одбива придонесот за ПИО, за здравствено осигурување и вработување, што значи овде се зборува за оданочување на бруто приход.

Во членот 12, каде се зборува за даночните стапки, до два просечни месечни лични доходи стапката е 20, над два до пет 25 и над пет месечни лични доходи е 35, а во заграда објаснува - просечен месечен бруто личен доход на вработените во Републиката. Така, во овој дел од законот и законските одредби не е јасно. На едно место зборува за оданочување на

нето приходи, а во членот 11 и 12 за бруто. Предлагам, во наредните фази предлагачот да појасни дали данокот од личен доход ќе биде на нето или на бруто лични доходи.

Понатаму, кога во законот се зборува за примена на стапки- те, мислам дека овој закон е доста сложен и за мене неприменлив во пракса, бидејќи за пресметување на придонеси од личен доход, сите знаеме до сега од нето лични доходи за вкупно вработените, без разлика колку се во една организација, со сметка над 100 се претвора во бруто и на таа основа се применуваат стапките што беа пропишани.

Со овој закон, со членот 12 се предвидува на нето личен доход со сметка над 10 0 се претворува во бруто и посебно се применува процентот за персоналниот данок односно данок од личен доход, а потоа повторно треба да се бара бруто основица вкупно и да се пресметаат останатите придонеси, ПИО, здравство и вработување. Така што до личен доход до 20 0 илјади денари треба два пати да утврдуваме бруто основица за да се применат стапките што се предвидени за персоналниот данок од личен доход и два пати да утврдуваме основица за останатите придонеси, за ПИО, здравство и вработуваше. Со ова значително се зголемува администрирањето во работните организации, а исто така и во органите на управите за приходи и кај секој вработен, бидејќи според овој закон се предвидува за секој вработен, при крајот на годината да се достави пријава за вкупните приходи остварени во текот на годината.

Со овој начин што се предвидува оданочувањето, тој ќе биде дестимулативен, посебно кај вработените што обавуваат сезонски работни операции. На пример, кај комбајнерите ние ќе имаме случај во еден период, за еден - два месеци додека е жетвата да имаат високи примања со што ќе влезат за оданочување со прогресивна стапка, на пример со 25 или 30% а на крајот на годината со пријавата ќе дојдат на стапка сигурно од 20% и ќе

немаат поголем личен доход од два просечни лични доходи. Во тој период ќе им се зафаќа од личниот доход, а на крајот на годината ќе треба да се враќа.

Исто така, со стапките предвидени во членот 12, јас се потрудив да изработам, на пример, предлагачот во образложението кажува дека до два просечни месечни лични доходи ќе има намалување на вкупните зафаќања а над два просечни месечни лични доходи ќе има благ пораст. Меѓутоа кога практично ќе се изработи еден пример, излегува следново:

До 200 илјади денари личен доход вкупно повеќе се плаќаат 20.700 денари до 300 илјади 50.400 и до 400 илјади денари 87.300. Од тоа, директно со овој закон, по основ на данок од личен доход отпаѓаат 6.800 до 200 илјади, потоа 15.900 до 300 илјади и 35 илјади до 400 илјади денари. Што значи индиректно, со стапката што ја зголемуваме сега на просечно 14,1, сега се предлага 20 до два просечни лични доходи односно 25 до пет и 35% над пет лични доходи индиректно се зафаќаат повеќе средства од организации што ќе паднат на товар на организацијата и тоа поединечно кај личните доходи до 200 илјади 13.900 отпаѓаат на придонеси за ПИО, здравство и вработување, понатаму кај личните доходи до 300 илјади 34.500 и лични доходи до 400 илјади 52.300 отпаѓаат индиректно зафаќање повеќе на товар на организацијата по секој вработен.

II/1 сј/см

**ТОДОР ДИМОВ**: (Продолжение).

Затоа предлагам, бидејќи овој систем е доста сложен и неприменлив во пракса во услови кога знаеме организациите како се опремени, овој систем може да биде применет кога има целосно компјутеризација на обработката на податоци во организациите, меѓутоа знаеме дека поголемите организации се опремени се со компјутери, а останатите рачно го изработуваат. Мој предлог е овој данок да продолжи и понатаму вака или пак една стапка од 20%, а на крајот на годината да се применуваат врз основа на пријавите што ги доставуваат сите вработени да се применуваат прогресивни стапки. Со ова мислам дека овој закон ќе биде поедноставен и поефикасен.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, сметам дека е неспорна потребата од донесување на Законот на персоналниот данок на доход и тој е во редот на даноци кој што треба да придонесат во делот на реформата на даночниот систем. Во тој дел јас сакам само да укажам на потребата од интензивирање на активностите во Владата со прифаќањето на предлогот за прифаќање се ангажираат претставниците на Владата, посебно Министерството за финансии што побрзо данокот како нацрт да се предложи пред Собранието бидејќи тој во многу ќе придонесе за промена на структурата на зафаќањето на даноците сегашната состојба која што ја имаме во делот на остварувањето на приходите од даноците на граѓаните.

Сметам дека со квалитетот на овој закон ќе се придонесе во голем дел на одреден начин да се дефинираат даночните стапки бидејќи од степенот на опфаќање на даночните обврзници, а посебно од степенот за наплата на така опфатените даночни обврзници ќе зависи и висината на даночните стапки. Мислам ако до сега имавме некој пропуст е токму во тие

два дела, во делот на степенот на зафаќањето и во делот на наплатата на веќе зафатените односно на утврдените даночни обврзници.

Со пренесувањето на плаќањето на данокот од личен доход од стопанските субјекти во делот на обврските на граѓаните веќе се прави еден квалитет обврзници да бидат граѓаните и тој дел на данокот да влезе во делот на доходот, а не во делот на потрошувач- ката. Инаку, сега како обврзници беа стопанските субјекти и тие беа во обврска да го платат данокот за своите вработени.

Јас би дал некоја комплетна забелешка во делот на некои термини кои што се употребуваат и во самиот предлог за донесување на данокот,посебно во делот на данокот за приходи од земјоделска дејност, сметам дека погрешно се интерпретира овде приходот од земјоделска дејност што посебно се зема како приход катастарскиот приход што до сега како категорија не е воопшто констатиран. До сега во сегашната пракса е утврдуван катастарскиот доход и тој катастарски доход како основица апсолутно не беше реален за даночно оптоварување на земјоделците како даночни обврзници бидејќи се утврдуваше како категорија еднаш периодично или на 5 или на 10 години, а потоа државата односно Владата на одреден начин преку валоризациони коефициенти ја менуваше таа основица. Затоа сметам дека би требало овие термини да се очистат и на одреден начин во самиот нацрт на закон да се упростат одредени делови и самиот закон да биде примен- лив во пракса, а со самото тоа сигурно ќе овозможи поголем опфат на даночните обврзници.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, материјата која ја обработува овој закон беше предмет неколку пати на расправа пред Собранието и во тој дел беа одредени заложби кои што

одеа на линија на донесување на ваков закон каде што ќе може посодржајно да се посматраат вкупните примаша на граѓаните, а во тој дел и да се обезбеди една поголема правичност во делот на зафаќањето на вкупните приходи. Така да донесувањето на овој закон мислам дека коинцидира на едни такви залагања и се налага потребата да ја поддржиме потребата од донесувањето на овој закон. Меѓутоа, со жалење морам да кажам дека понудените решенија кои што се содржани во Законот не се најсреќни и дека значаен дел од тие решенија повторно базираат на она што во праксата не беше потврдено или покажа недобри резултати и делуваше дали од една страна стимулативно, од друга страна дозволуваше на спроведуваните или толкувачите на Законот да се прават и разно разни пропусти.

Поради тоа се залагам во делот на оформувањето на Предлог на законот дел од овие забелешки што беа искажани, а јас дел од нив само ќе ги потврдам и имам едни свои додатни согледувања, мислам дека треба да бидат земени во предвид за да се дојде до обистинување или едни поправични решенија кои што од една страна ќе обезбедат поедноставен начин на пресметката на зафаќањата по разните примања на граѓаните, од друга страна ќе обезбеди и стимулативни решенија.

Еве на пример само во делот, ова го укажа и колегата Димов, на елементот на начинот на пресметката, применетите решенија се толку комплицирани што практично даваат можност само на надлежните специјалисти да можат да дојдат до едни објективни пресметки, додека и оние корисниците кои што ќе бидат даночни обврзници мислам дека тој систем на пресметка ќе биде на нив лимитирачки за да дојдат објективно до едно сознание пред да се впуштат во една рационалност на остварување на доход кој што ќе биде предмет на оданочувањето.

Понатаму, во решенијата не се дава стимулативност на ослободување по разни основи кои што ќе бидат стимулативни граѓанинот во фазата да не кажам на буџетската година кога ќе биде оданочен да остварува значаен дел на приходи, меѓутоа тие приходи да ги насочува наменски како би се зголемувала материјалната основа и на него и на државата, а преку тоа да има и едни олеснувања. Ваквите решенија кои што идат практично ќе предизвикаат и двојно оданочување, што само со себе ќе има една дестимулативност.

Од тие причини предлагам да во конечното оформување на Предлог на законот предлагачот да посвети внимание на ваквите оформувања односно на оформувањето на ваквите решенија.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Веднаш на почетокот да кажам дека се согласувам со донесувањето на овој закон и мислам дека има потреба и би додал дека кога се предлага донесување на ваков закон мислам дека само останува едно групирање, наплаќање на одредени даноци кои што и до сега ги плаќаат граѓаните. Меѓутоа, секако со една нова процедура. Кога е во прашање кои се примања се оданочуваат тоа е регулирано со Предлогот на законот во член 3. Моите укажувања ќе бидат на тоа да одредени работи бидејќи е во прашање предлог за донесување на закон одредени работи како ги гледам јас по можност да се исправат.

Член 12 ги регулира прашањата, стапките на персоналниот данок од доход какви се и дека се тие прогресивни. Лично не го поддржувам овој предлог што е тука даден затоа што по мене не води сметка за тоа дали ги стимулира граѓаните да остваруваат што поголем доход. Кои се причините? Тоа е од таму, еве јас да тргнам  од себе ако остварам поголем доход

прогресивно ми се зголемува стапката на доход. Што е во тој случај мојот интерес. Јас мислам дека не ќе бидам стимулиран да остварам поголем доход, а мислам дека битката треба да биде тука, ние да се ангажираме да оствaруваме што поголем доход бидејќи со остварување на поголем доход тогаш ќе остане и повеќе за државата. А во случајов иако тие не се битни разлики јас мислам дека тоа не се прави. И заради тоа предлагам да бидат линеарни стапките, а не вака како што е предложено во член 12.

Член 14 пишува кои се лични примања се сметаат и се оданочуваат, а мојата следна забелешка е на член 25 каде што се зборува дека одредени ридско – планински и погранични подрачја се ослободуваат од плаќање на овој данок од доход. Мислам дека кога станува збор за ридско - планинските подрачја тоа посебно во став 2 од член 25 и вели дека како ридско - планински подрачја се сметаат катастарските општини зафатени со преку 50% земјоделско земјиште од шеста до осма класа. Јас мислам дека тука повторно ќе мора нешто да се исправи. Ако го имаме предвид законот за здравствена заштита и користење на земјоделското земјиште мислам дека воглавно овие класи се одобрени и за изградба на објекти. Според тоа, станува збор за класи кои што се навистина надвор од можноста за користење на земјоделско производство. Поради тоа мислам дека држи оваа класа да се исправи и да не биде од шеста класа. Мислам дека можеме да одиме ако не повеќе барем од петта класа. Регулирано е прашањето дека министерот ги одредува подрачјата кои се сметаат за ридско- планински и погранични и имам една забелешка дека не би требало да бидат во погранични подрачја само места до 5 км, туку предлагам до 10 км.

Член 28 зборува за тоа дека на даночниот обврзник му се намалува даночната основа за износот на извршените вложувања во економски згради и земјоделска опрема најмногу до 30% од катастарскиот приход. Мислам дека овде ние ако не сме расправале но ќе расправаме од Законот за добивка, ова не коинцидира со Законот за добивка. Мислам дека треба да бидеме единствени. Ако таму сме дале ослободување треба и овде да дадеме слично како што е таму предвидено во Законот за даноците за добивка.

Член 61, 62 односно 63 зборува за тоа дека обврзниците од данокот од доход кои остваруваат приходи по основ на лични примања од стопанска и професионална дејност во член 31 став 1 од овој закон обврзниците од земјоделска дејност што се оданочуваат од вистинскиот приход се должни да водат деловни книги во кои ги искажуваат сите деловни промени на начин што е предвиден со овој закон. А, во 6 3 се вели кои деловни книги. Се прашувам дали ќе биде во состојба ова да се оствари. Имаме ли ние можност земјоделците да ни водат деловни книги. Мислам дека оваа работа е нешто преуранета. Според мои сознанија како стојат работите мислам дека ваква обврска не треба да стои. Тешко дека ќе бидат во состојба да ги водат овие деловни книги луѓето. Јас знам што се случува со деловните книги во малото стопанство каде што сепак имаме луѓе кои што се поквалификувани, а што ќе биде со земјоделците ќе ги казнуваме после зошто не водат деловни книги, книга на приходи, книга на расходи и книга на основни средства и ситен инвентар.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Предлогот за донесување на закон за персоналниот данок од доход претставува еден од пакетот на закони со кои треба да се заокружи новиот даночен систем со цел обезбедување еден цел систем на даноци,

пресметка на даноци и создавање извори за пополнување на потребите на Буџетот на Републиката. Меѓутоа, ние и на Комисијата за буџет и финансирање констатиравме некои сознанија кои што можат да произлезат од предлогот што го нуди Владата.

Прво, морам да изразам моја критика во поглед на работењето на надлежните служби на Собранието со што овој закон шест месеци после влегувањето во собраниска процедура го постави‌ја на дневен ред заедно со другите закони од системот, од пакетот на закони за даночниот систем.

Второ, констатиравме во Комисијата, а тоа е и мое лично сознание дека предлогот на Законот е неприменлив и несправедлив бидејќи е правен за високо развиената свесна поединецот во однос на обврските спрема државата и истиот е правен како да даноците да се цел сами за себе. Понатаму, овој закон заради неразвиеноста на системот на обработката на податоците стимулира даночна администрација и во таа смисла воведува доста скап даночен систем односно органи кои што ќе го наплатуваат данокот и даноците во името на државата. Тоа беше укажување и од претставниците односно повереникот на Владата дека примената на овој закон и на другите закони од областа на даночниот систем подразбира целосна компјутеризација на обработката на податоците. Таков систем ние сеуште немаме изградено ниту пак имаме таква даночна професионална администрација која што ќе може квалитетно, ажурно да ги обработува сите податоци за да се пресметаат и обработат податоците.

II/8

Понатаму, моја забелешка е дека во Законот се оперира сеуште со категории кои што важеа во системот на договорната економија, личен доход, доход, бруто лични доходи, нето лични доходи и затоа донесувањето на овој закон мора неговото спроведување да биде проследено со донесувањето на закон за сметководството со кој што пресметковниот систем максимално ќе се поедностави за да можеме како држава да имаме само единствена категорија плата како единствена основица за пресметка на даноци и придонеси. Ние создадовме една фиктивна претстава кај стопанските субјекти дека делот од придонесите што се пресметуваат на добивката за наплата за придонесите за здравствено пензиско и инвалидско осигурување произлегува дека се плаќа и на овие придонеси данок на државата, меѓутоа сметам дека лично дека тоа е фиктивна претстава дека се врши заради тоа што за да се намали основицата за пресметка на придонесите се утврдуваат нови категории, нови основици наместо обратно да се користи единствена основица платата, а стапките за придонесите и даноците по било кој основ кои што се наплатуваат од добивката да се намалат.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (продолжение)

За да не сметаат даночните обврзници дека вршат плаќање и на данок на придонеси.

Сметам дека системот на стапките треба да биде пропорционален и да се одбегне прогресивното оданочување. Термините "резинденти и не резиденти" треба да се објаснат што значат за да не внесуваме категории во законот кои што секој на с вој начин може да ги толкува. Затоа сметам дека и кога ќе дојде на дневен ред законот за пресметката, за сметководствата потребно ќе биде сите категории кои се употребуваат да се дефинираат во законот во смисла на тој закон што претставуваат тие категории, за да не дојде до различна примена и толкување на категориите што ги утврдуваме со законот.

Понатаму сметам дека наплатата на даноците треба да се врши таму каде што се остварува приходот, Во спротивно произлегува дека секој полнолетен граѓанин според овие закони, сметајќи дека е високо развиена неговата свест треба да претставуваат даночен обврзник кој лично ќе оди во даночните управи за да потполнува даночни пријави пријавувајќи ги сите приходи кои по било кој основ ги создал во текот на годината. Затоа сметам дека наплатата на даноците треба да си остане во субјектите каде што се остваруваат приходите. Ако приходот од игра на среќа се остварува во лотарија на Македонија, или друга надлежна таква институција во тој случај наплатата на данокот од даночниот обврзник треба да се изврши директно во оваа куќа, а не граѓанинот лично, сметајќи дека е совесен, да оди сам да пополнува пријава во даночната управа заради што сметам дека и наплатата на даноците ќе биде усложната, даночните обврзници ќе ги натераме, односно сите полнолетни граѓани да чекаат пред шалтерите на даночните управи и на тој начин ќе им го згорчиме животот на граѓаните

наместо да создадеме ефикасен систем на наплата на даноците. Ако приходите по основ на плата се остваруваат во стопански субјекти, или во било кој субјект регистриран за вршење на било каква дејност наплатата треба да се врши на овие даноци директно во овие субјекти, а не да се остава граѓанинот сам да пополнува даночна пријава. Затоа сметам дека наместо да го поедноставиме ние го усложнуваме и за да сето тоа се спроведе ќе треба да воведеме огромна даночна администрација која во услови кога имаме некомпјутеризиран систем за обработка на податоци ќе може да седи, да книжи, прекнижува разни податоци.

Во членот 3 предлагам, што се однесува до приходите по основ на лични примања на стопанска и професионална дејност како данок да бидат, овие приходи да не стојат во овој закон заради тоа што во законот за данок на добивка констатиравме дека е потребно да се изврши уедначување на правата на сите стопански субјекти независно од карактерот на сопственоста и потребно е физичките лица кои вршат дејност, професионална, стопанска и друга да си пресметуваат плата, да си пријавуваат за да можат придонесите во фондот на здравствено и пензиско осигурување да ги плаќаат на државата на пресметаната, прокнижена плата, а не целата добивка да им се пресметува и утврдува како плата на даночниот обврзник. Затоа сметам дека овие приходи треба да добијат третман по основ на законот за добивка, данок за добивка.

Во член 49 имам забелешка - воведувајќи приход од капитал како еден од приходите за оданочување сметам дека би требало во точка 1 под приход на капитал да се подразбира не само дивидендите и другите приходи остварени со учество на добивка кај правните и физичките лица, туку и дивидендите и другите приходи остварени во банките. На овој начин ние по инерција го прифаќаме стариот систем на функционирање на банкарството. Сметам дека ова е во спротивност со пазарната ориентација

да секој може со свој капитал да основа банки и основајќи банки формално остварувајќи приход заради тоа што ги основал тие банки да може како приход од капитал да му се сметаат дивидендите и другите приходи што ќе ги оствари по основ на банкарското работење. Сметам дека законот не само во овој, туку и во сите други закони не треба да воведуваме и категории кои самите предлагачи не ги разбираат образложувајќи дека тоа го препишале од Европскиот даночен систем. Сметам дека законот во насловот треба да гласи "Закон за даноци на граѓаните'.' Исто така дискутабилно е, како што кажа претходниот пратеник пресметката и наплатата на данокот од катастарски приходи во земјоделието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во начело дали има потреба за донесување на овој закон кажувам да, дали ќе се подобри даночниот систем да, меѓутоа дали овој текст што се нуди треба да биде ваков ќе се обидам да кажам што јас гледам во него како непотребно или да е решено поинаку отколку што треба да се реши. Господинот Ајдерага добро рече кога приговори на прогресивноста на ставките во член 12 и се заложи за еден линеарен систем и да се знае и да се даде импулс кај оној што остварува доход по било кој основ. Значи, се дозволува иницијативата на човекот да се презема само на тој начин ако му се дава и можност тој да оствари нешто за она што го преземал. Ако одиме со прогресивна стапка тогаш ќе ја убиеме иницијативата и јас да не ги образложувам повторно истите факти на кој се повика тој останувам на нив.

Имам забелешка во член 32 каде вели "основа на данок на доход за приходи по основ на лични примања во стопански и професионални дејности претставува личниот доход кој се утврдува во даночниот биланс.1 Господа, макар што го делам мислењето на господин Петров дека треба

некои термини и во самиот закон да бидат опфатени и се даде нивното значење во начело овде и посебно тоа би требало да се каже. Зошто?

Утврден со даночен биланс, даночниот биланс значи утврдување на потребите на потрошувачот да направи што ќе му треба да троши и веднаш да си земе од нето. А тоа е практично да се направи биланс и да го потполни и ќе зафаќа идеално од она што е остварено. Затоа ќе треба оваа формулација да се напушти "утврден даночен биланс". Ако се оди на пазарна економија никој не може да утврди колку на пазарот ќе се оствари. Ако одиме на договорна економија, како што бевме досега па велиме на една страна имаме 100 тикви, на друга страна ќе имаме 100 корени се затвара работата. Овде ќе треба да се излезе од пазарот. Тоа е донесено и билансот ќе биде готов кога ќе го видиме што имаме од пазарот. Не можеме да имаме и риба и девојка. На една страна ќе бараме пазарна економија, на друга ќе си ја задржуваме договорната економија.

Ќе се задржам, колегите говореа за тие односи околу постапката по повод жалбата при утврдувањето на даночната обврска.

Членот 9 5 говори дека првостепениот орган е должен жалбата во рок од 15 дена по приемот ја достави до второстепениот орган. Наредниот член говори императивно дека жалбата нема суспензивно дејство и член 97 говори дека второстепениот орган е должен во рок од 60 дена да донесе решение. Членот 98 дава нов рок. Кога ќе ги собереме сите овие денови добиваме дека процедурална работа во самиот закон предвидува некаде 1/3 од годината да се помине во жалбена постапка, а што има понатаму реперкусии во начинот на плаќање на даноците. Што се биде жалбата не го задржува решението од извршување, се наплаќа данокот а целата процедура трае некаде околу 120 до 180 дена, а тоа е скоро половина година, за да на крај се каже дека може неправилно наплатен или повеќе наплатен данок да му се врати на оној ако тој го бара со посебно барање.

И, дури тогаш се предвидуваат обврски на заедницата да ги врати каматите, да плати камата и тоа од време на поднесување на барањето на повраќај. Ако такво барање не постои тогаш повеќе наплатените средства минуваат за наплата на даночната обврска во наредната година. Што се случува тука. Ако на 3 јануари треба да се плати, а се наплаќа на 4 или 5 јануари тој даночен обврзник престанвуа со работа наредниот ден 6 јануари, па процедурата за жалба трае до 31 декември и се утврди дека е неправилно задолжен да плати данок, не поднел барање ќе му се вратат само ако поднесе барање, ќе му се вратат само овие средства без камата. Во спротивна смисла истиот предлагач говори во член 10 9 дека ќе се наплати камата по есконтна стапка на Народната банка зголемена за 5 пати. Овде е посебна казна Каматата се зголемува за 5 пати, а замислете сега кога државата ќе муземе на некој нешто ќе треба некој да поднесе барање за таа работа и да ги добие оние средства што државата неправилно му ги земала. А ако треба таа да земе на некој, па тој забавил од било кои причини ќе плати камата со 5 пати поголема стапка. Ако сакаме да наметнуваме посебни казни околу убирање на данокот и ако државата направи нешто што ќе зафати неправилно на граѓанинот нека биде спремна тоа да го направи по истиот аршин по кој и зима. Тогаш имаме рамноправност ма субјекти, затоа што граѓанинот плаќајќи ваква обврска ја плаќа државата во која живее. Таа држава постои за граѓанинот а не граѓанинот за државата.

Понатаму, сакам да кажам нешто за одредбите од членот 141 при присилната наплата на загаснатите даноци постојат трошоци за при- силна наплата, каматите, паричните казни и данокот. Ова е распоред на кој начин се подмируваат обврските од средствата што ќе се' земат од граѓанинот. Што се случува? Трошоците на присилната наплата ги прават даночните

извршители кои примаат редовна плата за наплатување на данокот. Ако тие не биле агилни, па некои чекајќи да дојдат, затоа што досега беше да му се испрати чек, па да одат кај него на опомена, или било што, не отидат ќе треба нивните трошоци што оделе прво да ги наплатат. Каматата која е казна веднаш се наплаќа, пак паричните казни што се изрекуваат во постапката за извршување први се наплаќаат што значи основицата, данокот кој е од интерес на државата останува последен и тој практично ако одиме по овој начин не може никогаш да се наплати. Ќе се води сметка само овие трошоци да се наплатуваат.

Една новина овде се воведува за гаранција за наплата на аконтациите на даноците од земјоделска дејност, член 43 , од стопанска, професионална, авторски права, патенти и технички унапредувања, од капител, од имот на имотни права, од капитални добивки, МЦАТ, со својот имот даночниот обврзник и полнолетните членови на семејството кои во моментот на настанување на обврските живеат во заедничкото семејство. Каков е овој колективен одговор за обврски на даночен обврзник. По кој основ, каде ние предвидуваме да имаме семејна одговорност? Јас барам да се штити државата, меѓутоа ако во едно семејство случајно живеат петмина браќа, а едниот потпадне поради лошо работење ќе треба ли другите да одговараат за него. И обратно. Петмина се не- работни, едниот е работен и тој да настрада со нив. При обработката ќе треба да се води сметка дали ќе може ова да биде. Ние во секој закон па и во уставот говориме за обврски и права на граѓанинот а не на организации, односно на семејни заедници. Таков институт Уставот не предвидува и овој дел сметам дека нема уставна подлога.

Ќе ставам една забелешка и по однос на одредбите каде се говори за застареноста односно право за поведување на постапка за утврдување на обврската и правото за извршуваше.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Господа пратеници, овој Закон како е даден овде, застаренсота настапува по 20 години. Ќе ме прашате како?. 5 години е постапка за утврдување на обврската. Секоја преземена постапка за тоа утврдување го прекинува текот на застареноста, на крај да каже секогаш застарува за 10 години. Откако ќе минат овие 10 години, дури тогаш настапува обврска за извршување, доаѓа извршниот наслов. Тогаш вели застарува 5 години, секое започнување на органот во поглед на извршувањето го прекинува рокот на застареност, па вели застарува секогаш за 10 години. Земете 10 плус 10 тоа е равно на 2 0 години. Каков е тој квалитет на средства кои државата ќе ги има каков е тој квалитет на обврски кои граѓанинот ќе ги има према држава. Ако сакаме да имаме квалитетна обврска и квалитетни пари овие рокови треба да бидат кратки. Зошто? Ќе се дојде до обврска на органот од- носно на администрацијата да си води сметка да биде експедитивна да работи, а не да ужива на плодовите односно на заштитата на времетраењето кога тоа право ќе го остваруваат. Затоа предлагам овде правото за утврдуваше да застарува за 2 години, исто така правото на извршување да застарува за 2 години- Што значи и прекините траат по 2 години, па по 4 години и така би имале навистина и ефикасно утврдување на даночните обврски и ефикасна наплата што државата ќе има корист од овие средства.

Сакам ова да го поткрепам. Замислете сега некој даночен обврзник кој во 1987 година на крајот требало даночната основица да му биде по тогашните вредности 3 милиони динари. Ќе се утврди таа основица, тоа се

сега 3 денари. Дали знаете колку хартија треба колку решенија да се напишат за да се утврди таа основица затоа што тој имал примања и остварувања тогаш, а не сега. Кои пари ќе ги земеме? Затоа со скратување на овие рокови се скратува правото на манипулација.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство, јас сум придружник на тие дека овој Закон треба да се донесе, меѓутоа, од некои дискутанти изгледа дека не сакаме богати граѓани, а со тоа нема да имаме ни богата држава.

Од друга страна поради некоректноста на даночниот систем и ризикот од настанувањето на фискална криза поголемо време е присутна нестабилноста на системот од честите промени на даночните обврзници поради тоа што овој закон е во предлог, треба соодветното министерство да има предвид даночниот обврзник да има една гаранција од овие чести промени. Во контекст на ова имам една забелешка на овој предлог закон дека некои членови треба да се селекционираат односно да се перфекционираат. На пример во Предлогот на законот членот 11 треба да се анализира и треба да се додадат и другите трошоци затоа што и тие се одбитоци за работење.

Второ, мојата забелешка е на членот 13 кој за мене е малку контрадикторен. Членот 17 каде за граѓаните кои се ослободени од даноците прашувам дали со овој закон е предвидено за тие граѓани кои нема да имаат државјанство односно субјекти затоа што го донесовме Законот за државјанство каков го донесовме.

Трето, исто така имам забелешка во членот 18 за земјоделски придонеси кои е поврзан со членот 22 и треба да се елаборира и конкретно да се анализира.

Тоа  важи и за членот 36, а за членот 12 мојата генерална забелешка е тоа што до 2 месечни лични примања е 20%, а од 2 до 5 е 25%. Па, поставувам прашање дали сме атрактивни за Европа со просек на личен доход односно два лични доходи колку што се 200 дм. во конвертибилна валута и колку тоа ќе остане со 20% да се плаќа данок на промет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Збор бара господинот Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, денеска имаме предлог за донесување на три клучни закони од областа на даноците. Ценам дека прашањето на кое денеска треба да одговори овој Парламент е тоа дали има потреба од донесување на овој закон што е сега и на другите три закони што се од областа на даноците.

Моја генерална определба е дека овие закони требаат и мора под итно да се донесат, а една од основните причини е промената во сопственичката структура на стопанството кое го имавме.

Имено, ние имавме еден даночен систем кој можеби беше доволно ефикасен, но за сопственост во така наречен општествен карактер. Со појавата на приватната сопственост при што таа станува се подоминантна и уште сега, а и во иднина ќе биде доминантна сопственост, таквиот систем на даноци кои ги имавме досега нема да се покаже ефикасен односно и сега се покажува како неефикасен и тоа е една од основните причини што државата не може да си ги собере даноците и придонесите.

Имено, главниот удар во досегашната структура на даноци и придонеси односно зафаќањата што ги имаше државата беше како главна основа личниот доход и тука доста ефикасно државата успеваше да ги собере оние даноци и придонеси кои мислеше дека и требаат. Меѓутоа, со промената на сопственичката структура се јавува ситуација каде е можно заради постоење на приватна сопственост, да не се искажуваат реално платите, па спрема тоа нема да имаме реално оданочување.

Исто така се јавуваат и други можности кои овозможуваат да немаме реално оданочување, па оттука произлегува дека досегашниот систем на даноци е некоегзистентен и нема да овозможи ефикасно државата да го собира она што мисли дека и следува. Од такви при- чини мои генерален одговор е дека и овој закон и другите два мора да се донесат и тоа што поитно, бидејќи со тоа би се заокружила економската сфера од државноста на Македонија.

Едно што би сакал да обрнам внимание за овие закони е уште од сега државата односно Владата да пронајде начин да реши голем број технички проблеми кои ќе се јават околу начинот на со- бирање на даноците односно околу начинот на водење на евиденцијата на даночните обврзници и реалната основа за која треба да бидат оданочувани. Затоа да не ни се случи, бидејќи во претходниот систем на даноци го имавме тој пропуст да многу даночни обврзници беа во можност да ги ескивираат на некој начин даноците, би барал уште од сега државата да изнајде соодветен начин, па ако треба и технички да се опреми за да може да воведе добра евиденција за сето ова, имајте на ум само дека со персоналниот данок практично можеби ќе имаме преку 1 милион даночни обврзници и ќе мора да се води

една добра документација за да не ни се случи повторно некој да ги изигрува законските прописи.

Тоа би било она што сакав да го кажам, а околу содржината на законот сигурно ќе раслраваме кога ќе дојде во Нацрт законот, бидејќи колку што знам е предвидено да се носи во три фази, па тогаш ќе може конкретно да раслраваме.

Генерално моја проценка дека овие закони треба и мора што поитно да се донесат.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе појдам исто како и претходниот говорник од фактот дека ние денеска практично пристапуваме кон воведување на нов даночен систем. Воопшто не се работи поединечно за Законот за персоналниот доход, веројатно е многу битно што стартуваме со новиот даночен систем и мојата прва забелешка произлегува практично од фактот дека ние сега сме соочени со воведување на даночен систем и првата моја забелешка произлегува практично од фактот дека сега сме соочени со воведување на даночен систем во фази или расцепкано без, како пратеници, да имаме увид што тој систем ќе значи. Затоа мислам ако има пропуст во целата работа тоа е пропуст на Владата што не е понуден проект или програма врз основа на која понатаму би ги разгледувале законите еден по еден, да знаеме што значи тој даночен систем. Вака законите еден по еден ги носиме, еве некои од законите ни недостасуваат во овој пакет. На пример најавен е Данокот на промет од додатната вредност, ние влегувајќи со усвојување на данокот од добивката и данокот од персоналниот доход на граѓаните прејудицираме дека и такво закон ќе треба кој е компатибилен со овој даночен систем да носиме, меѓутоа, ние за

тоа не сме се изјасниле. Мислам дека многу подобро ќе беше доколку пред да усвоиме програма каков даночен систем генерално ова Собрание сака да донесе, па од таа програма ќе произлезат поединечните закони.

Инаку, сосема се согласувам дека овој закон заедно со Законот за данок од добивка треба да бидат стожери на даночниот систем и едниот да претставува оданочување на физичките лица во државата, а другиот кој е наредната точка да претставува закон со кој ќе се обезбедува оданочување на правните лица во државата. Мислам дека е тоа сосема во ред и со програмската ориентација на Социјалдемократскиот сојуз.

Исто така се согласувам дека е добро што се напушта постојниот цедуларен систем на оданочување на приходите на граѓаните и се воведува данок кој во основа е синтетски данок односно синтетски ги зафаќа сите основи по кои се добиваат приходите кај физичките лица односно кај граѓаните. Со оглед дека имаше различни дискусии, Собранието треба посебно да обрне внимание на ова и во оваа фаза да го усвоиме законот дека е потребен да се донесе во таа насока и треба да претставува синтетски и дека не треба да значи навраќање на поединечно оданочување затоа што токму од тука може- ме да извлечеме заклучок дека доколку поединечните приходи се одданоуваат, секој од тие приходи не мора автоматски да значи дека пропрорцијонално се оданочува економската моќ на граѓанинот за секого. Тука имаше наведено примери, меѓутоа ако се оданочува на пример данокот од игри на среќа на лице место, а тој граѓанин можеби нема други никакви приходи, тој во неговиот вкупен приход можеби нема да има потреба од такво оданочување.

IV/7

Јас ќе кажам нешто што можеби е само претпоставка меѓутоа, како мој апел до Владата би апелирал до Владата иако незнам многу точно и многу конкретно каков е даночниот систем и законодавството во Европската економска заедница, мислам дека треба како политичка ориентација на овој Парламент да биде овој даночен систем кој го воведуваме преку неколку закони што повеќе да се доближи до системот на ЕЕЗ од причина што е сосема јасно дека во Европа сите даночни системи полека, полека конвергираат кон даночниот систем на ЕЕЗ. На крајот на краиштата нашата потреба и нашата можност за економска соработка со Европа ќе биде многу значајна доколку и во даночната сфера сме многу блиски до тој систем кон кој и другите инклинираат , а уште повеќе од аспект на нашите идни евентуални интеграции во Европа без разлика од кој вид ќе бидат, меѓутоа, станува збор за економската интеграција.

Мислам дека е добро во оваа фаза од законот да го поддржиме предлогот законот да остане со прогресивните стапки на оданочување како што е зацртано во законот од една причина што законите покрај тоа што имаат фискална функција во општеството можеби пред фискалната или непосредно по фискалната функција имаат и многу изразена социјална функција. СДС во својата програмска ориентација инсистира на социјалната функција на даноците и затоа сметаме дека е многу битно пропорционалните даночни стапки да се напуштат и да се воведат прогресивните , како што се нуди, па да се испита можноста евентуално од аспект ан системот кој следува, од аспект на натамошното социјално раслојуваше на населението во Македонија тие стапки да се радикализираат, како би можела да дојде до израз и таа социјална функција на даноците.

На крајот, мислам и се согласувам со сите дискутанти кои наоѓаа многу забелешки во законите од аспект на тоа дека овој закон е многу сложен. Мислам дека треба да воведеме еден принцип кој во законите, доколку е неможно тие да бидат лесно остварливи и да не бидат толку сложени и за граѓаните и за државата, па тогаш да воведеме во принцип во законите тие да бидат што поедноставни за граѓаните, па ако е можно тоа и на сметка на сложената постапка која следува во државните органи за нивно спроведување . Се согласувам и со Ајдарага. И со уште неколку пратеници дека од Законот произлегува дека е неможно практично секој граѓанин кој ќе има приходи, а овде тие обврзници се сите полнолетни граѓани на РМ, до крајност да може да го проучи законот и сите овие услови под кои тој ќе биде оданочуван или ослободуван да може да ги остварува пред органите на државата. Мислам дека тука треба да се поедностави тоа. Јас немам предлог, меѓутоа, апелирам до Владата доколку е можно Владата да го земе предвид таа процедура да се поедностави ако е можно и на сметка на усложнетата процедура кај органите на управата кои се повикани за тоа.

Можеби и последното, со оглед дека во овој закон е предвидено неговата примена непосредно да почне да важи од 1993 година со тоа што за 1992 година ќе се применуваат постојните закони, како што е тука напишано во последните членови. Дали е тоа можно и дали можеби ова Собрание не треба да се изјасни за примена на овој даночен систем по некој грејс период од месец или можеби една година во која сите кои ќе дојдат под удар на тој закон би можеле да ги усогласуваат и израмнуваат своите активности да не им дојде ад-хок примена на нов закон без да имаат

увид. Колку што ми е познато и во другите држави кога се менува даночниот систем тој никогаш не стапува на сила веднаш, туку се остава период за приспособување на сите особено за наредниот закон кој ќе го гледаме.

На крајот апелирам данокот на промет за додатна вредност што побргу да го донесе Собранието за да можеме да го заокружиме целото видување на парламентот по однос на даночната реформа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници не излегов да одговорам, прифатам или одбијам или оценувам конкретни забелешки изнесени овде, туку само неколку начелни забелешки и осврт на некои начелни забелешки кои беа изнесени од страна на одделни пратеници.

Прво, сакам да ве информирам дека новата Влада кога стапи на должност во септември само законите од областа на заокружувањето на правното уредување на финансискиот економски амбиент не ги повлече. Сите други закони ги повлече на повторно преиспитување.

Според тоа, одредбите кои уредуваат од кога ќе се применат треба да ги сфатите така кога се пишувани овие закони и доставени до Собранието. Значи, претпоставено е од јуни, јули и до крајот на 1992 година, Собранието ќе ги усвои и ќе важат од 1993 година. сега се наоѓаме во нови околности и во таа смисла ќе стапат.

IV/10

Втора начелна забелешка не е вистина дека Владата нема целосен концепт за новиот даночен систем. Владата го ангажира целокупниот стручен потенцијал на оваа Република да изработат елаборат за измена на целокупниот даночен систем. Резултат на таа работа стручна екипа со писмен елаборате и резултат предлозите за донесување на овие закони.

Трето, со исклучок на законот за данокот на промет што е на сила и моментално немаме друг закон во постапка а тоа е тој закон за данок на додатна вредност. Така се вика на македонски, а кога велиме на англиски никој да не разбере ништо само тие што знаат англиски, а тоа се првите букви на тие зборови.

V/1.- дв-вв

**ЏЕВДЕД ХАЈРЕДИНИ:** (продолжение)

Овде имаше начелни забелешки дали сме ние како држава, како граѓани даночни обврзници подготвени , имајќи ги предвид сите историски итн., нивоа на развој, да ги прифатиме буквално системите даночни на западно- европските земји.

Прво, морам да ви кажам дека ние сакале или не сакале тоа мораме да го прифатиме со одредени корекции, но минимални затоа што ние сакаме со тие земји да идеме на ист пазар, значи да тргуваме. Не може да бидат рамноправни на ист пазар производи од една земја каде едниот производ е донесен на еден начин а другиот својот производ го продава на друг начин. Тогаш веќе уште во старт тие не можат да одат на ист пазар. Според тоа тука мораме да се усогласиме.

Едино ние ценевме дека овој данок на додатна вредност имајќи предвид што тоа значи, дека производот од првата до последната фаза треба секој субјект кој учествува во неговата обработка и соработка, а тоа се разни субјекти да го плаќаат данокот на основицата само тој што додава вредност. Цениме дека токму тука не сме веднаш подготвени паралелно со другите закони и со него да одиме. Затоа данокот на промет е моментално тој што е и ова Собрание ќе има прилика да направи измени и за него бидејќи ние моментално само за него не одиме а сите други се во постапка, ни еден не е повлечен. Едино останува да дојде ако, царината не е само данок и тој царинскиот закон е готов и он ќе влезе во постапка наскоро. Според тоа Владата има концепт, сите закони што тоа го уредуваат освен оној на додатна вредност се во постапка . Дали ќе успееме и оваа година, еве сега сме на прагот од 1993 година, да ни важат, бидејќи сега се поставува прашање дали ќе важат и за 1993 година, зависно од тоа како ќе биде ова. Оттаму овие датуми не смее да даваат повод, имајќи предвид кога тие од Владата се утврдени и доставени до Парламентот да даваат

повод околу тоа да се дискутира. Датумите ќе бидат усогласени со времето кога законите дефинитивно ќе бидат донесени. Тогаш и правниците ќе кажат дали може и ретроактивно да важат. Според тоа тоа не би требало, а се друго што е речено мислам ќе имаме прилика во наредните фази да бидат земени предвид. Ако бидат одбиени ќе бидат образложени зошто.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сакам само на еден момент да го свртам вниманието во поглед на излагањето на министерот.

Никој не е против пазарната економија, ниту тоа, бидејќи се повикуваме секогаш на светски стандарди, регулативи, западно - европски, јасно е дека како дел на една меѓународно пазарна економија во тие вкупни меѓународни економски односи ние и нашите однесувања ќе ги прилагодуваме. Меѓутоа проблемот е во тоа што министерството треба да биде искрено и да каже дека она што го предложил во форма на пакет на закони од даночниот систем не е ништо друго туку се препишани српските закони од а до ш. Затоа кога се повикуваме на закони, односи во западна Европа, тогаш навистина барем да добиевме, ние тоа и во Комисијата го побаравме комапративни показа- тели како функционираат даночните системи во сите тие држави на Запад за да знаеме од каде се влечени одделни односи што се регули- раат во овие закони, а од каде не. Инаку ова што сега го имаме тоа е тоа што сега го кажав препишани од една од соседните држави сите закони. Затоа сметам дека целта на сите нас што овде излеговме да дискутираме не е да се нападне оваа промена за нов даночен систем, туку да се донесе поефикасен и едноставен даночен систем кој може да им го олесни и животот на даночните обврзници и да ја зголеми ефикасноста во поглед на наплата на даноците кај државата од страна на даночните обврзници.

V/3.-

**ЏЕВДЕД ХАЈРЕДИНИ:**

Во тек сум во активностите на Србија, а таму не е Србија, таму е држава Југославија, сега како тие мислат. И тие се наоѓаат во постапка на донесување на системски закони во обласста на новиот даночен систем, оваа Влада што падне вчера итн., така да не било ни можно да се препишуваат закони од таму.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас како пратеник не знам дали државата СРЈ има донесено законите од даночниот систем меѓутоа државата Србија ги има донесено законите и сите закони што нашата Влада ги предложи ги препишала тие, српските закони.

**БЕКИР ЖУТА:**

Предмет на расправа почитувани пратеници е Предлогот за донесување на закон за даночниот систем. Мислам дека треба да се воздржиме од квалификациите дали е препишан од Србија или од ѓаволот. Овде меѓу вас, во вашите редови има колеги стручњаци кои се занимаваат со таа проблематика кои во салата на Владата на Република Македонија беа учесници во расправата по студиите кои беа подготвени во таа функција и тоа е продукт на тие студии. Затоа оставете ги тие работи секој нека си ги чува за себе. Дајте да седнеме на ова затоа што во јули се презентирани овие текстови а на 30 декември ја отвораме листата за да видиме дали е Србија ова или е СРЈ она што е. Секој е за себе. Ова е Република Македонија и сака да има сопствен систем.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

И покрај тоа што сеуште се работи за предлог на закон, овој закон ќе дојде најмалку уште двапати во македонскиот парламент и ќе се расправа. Јас сепак би сакал да го искажам моето несогласување со одредени основи

според кои се прави овој закон затоа што сигурно ако се прифатат сега тие и во понатамошната процедура ќе влезат како основни. Имено за што се работи.

Сметам дека при одбраната на еден ваков закон, овој пат успеавме да слушнеме два демагошки пристапи. Јa ќе се обидам тие демагошки пристапи на еден начин да ги разбијам. Тоа е првиот момент на примена и споредба со европските закони и вториот момент за некаква социјална држава односно социјална помош односно функција која треба да се изведе од овој данок. Зошто тоа го велам? Тоа го велам бидејќи ако се погледне принципот можеби и може да се брани сето тоа и покрај тоа што, за жал, сеуште не можеме да видиме и со сигурност да тврдиме дали навистина тоа е принципот на кој се одредува данокот и во Западна Европа, меѓутоа независно од принципот мораме ние да се соочиме, со самите факти, а кои се тие факти. Фактите се многу реални.

Ако овој даночен систем се применува во една западно- европска дражва таму пресметките ги правиме на една просечна плата кој е основа за пресметка на данокот некаде од 2 до 3 илјади ДМ, а просекот што го правиме во Македонија е 100 ДМ. Оттука ако на еден месечен личен доход кој се зема како основа на еден Германец од 2.000 или 2.500 ДМ ќе дојде некаде 400 ДМ. Тогаш во Македонија на еден просечен личен доход кој изнесува 100 ДМ данокот што треба да се земе е 30 ДМ. Во таа смисла јас би сакал да зборуваме малку со конкретни елементи.

Ако ние денес зборуваме, а тоа може да се види во образложението на самиот закон дека со еден ваков закон треба да се опфатат 97%, ми се чини тој процент беше наведен од даночните обврзници во Република Македонија, тогаш примерот е многу едноставен. Ако денес 97% од македонската држава односно оние кои земаат плата во Република

V/5.-

Македонија нивниот просечен личен доход изнесува некаде од 100 до 150 ДМ односно 100 до 150 иљјади денари. Ако на таа сметка ги ставиме тие 20% данок на сите други давачки кои да речеме еден работник, службеник или функционер ги дава по пат на оние проценти и оние фондови што се одвојуваат од бруто платата, тогаш кога ќе ја земе нето добивка на еден работник од 100 иљјади денари и кога на тие 100 иљјади денари му одземеме уште 20.000 денари како данок, тогаш ја гледаме каде е состојбата и што се добива со овој закон. Оттука веќе апсурдно е дека со еден ваков даночен систем можеме ние да зборуваме за некаква социјална функција на овој данок. Каква е таа социјална функција кога ние ќе го ставиме човекот својот месец да го преживува за многу кратко време благодарејќи на функцијата со некои 50 ДМ просечна плата. Оттука сметам дека најнапред што треба да се направи при донесувањето на овој закон е да се отстрани оваа демагогија што се применува овде за некаква социјална функција на овој данок. Има многу други елементи и можности да се обезбеди таа социјална функција, а да се појде од она што е суштина и кое веќе ние утре сите ќе го доживееме во фабриките, во службите, меѓу сите оние што ќе бидат соочени да го плаќаат овој данок, а тоа нема да биде социјална функција туку социјално и економско уништување на даночниот обврзник. Тоа е реалноста што ќе се добие од применувањето на еден ваков даночен систем.

Јас можам да кажам дека еден ваков даночен систем навистина може да се споредува,ако го погледнеме од идеолошки аспект јас тешко верувам дека може една ваква функција на урамниловка може да се најде во најкласичните комунистички системи како што е да речеме една Кина или до пред скоро време една Албанија. Навистина тоа ќе биде еден парадокс кој не само што ќе направи една иницијативност или нова желба за инвестиции, иновации лична слобода на граѓанинот, туку напротив ќе

направиме тотално дотепување не само на обичниот работник туку и на оној кој е приватен бизнисмен и оној кој сака да биде добар менаџер и оној кој сака да спроведува една нова развојна поли- тика во Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се чувствувам на некој начин повикан бидејќи јас зборував за социјалната функција на даноците да објаснам нешто. Мислам дека се работи за три работи: првата е непознавање на даночниот систем и социјалната функција на даноците, втората е дезинформација на јавноста , третата произлегува од втората. Дезинформацијата произлегува од нечитање на законот за кој се дискутира.

Прво, социјалната функција се изведува врз основа на релативните односи во зафаќањата, не врз основа на апсолутните односи во зафаќањата. Ако некој се залага за урамниловка, тој не предлага прогресивни стапки. Тој што е против прогресивните стапки тој е за урамниловка. Јас понатаму нема да објаснувам, тоа во книгите го пишува.

Ако се тврди дека за просечен личен доход од 100 ДМ се зема 30%, тоа произлегува од не читање на Законот, затоа што за до два просечни лични доходи законот пишува дека се наплаќа 20%, а 35% се наплаќа над 5 просечни лични доходи. Извинете ориентацијата на СДС е да. За 5 или повеќе просечни лични доходи кој зема во Македонија да му се земе 35 и да се обезбеди социјална функција која спаѓа почнувајќи од образование, здравство, социјална грижа, заштита на деца, пензиски и разни други фондови да се пренамени. Јас се согласувам дека може да има различни политички концепции и тоа е класичен политички судир на две концепции. Едната е да има социјални функции во даночниот систем и врз основа на

тоа во државата, другата е да нема. Меѓутоа да не се дезинформираме, барем пратениците сме го прочитале законот. Затоа да не ги влечеме од сопствените видувања, заклучоците кои не стојат во предлогот за донесување на закон за персонален данок. Инаку од неразбирање на работите се влече заклучок дека прогресивните ставки одат кон урамниловка.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Во она што се согласувам единствено од дискусијата на претходниот пратеник што го сфаќам како еден вид реплика на моето излагање е токму само единствениот збор дека се работи за две различни концепции кои еве гледаме и тоа е добро , не само во политичката сфера туку веќе доаѓаат и во економската сфера и тука се согласувам. Сега што е суштината на тие две различни концепции. Вие имате право да ја браните својата концепција а јас односно нашата партија има право да ја брани својата концепција.

Каде е разликата? Разликата е токму во она што вие го кажавте. Вие рековте дека ја барате таа социјална функција односно компонента на еден ваков закон. јас токму спротивното го велам, токму со еден ваков закон не постои социјална концепција туку социјално уништување. Зошто?

Вие го спомнавте драстичниот пример со 5 лични доходи. Јас колку што знам во структурата на македонската држава највисок коефициент кој е утврден е 4,5. Меѓутоа, независно од тоа, тоа е екстремниот случај. Се работи за процентот од 94%, се извинувам преска реков 97, а сега гледам дека е 94, меѓутоа пак е тука.

Во самото образложение на законот пишува дека со оглед што најголемиот број на даночни обврзници во Републиката остваруваат лични

примања во висина до два просечни бруто лични доходи остварени во Републиката (околу 94,7%), се очекува остварените ефекти да бидат исти како и досегашните. За што се работи? Се работи токму за оваа мерка, даночна мерка која најмалку ќе ја почувствуваат оние кои имаат коефициент 4 или 5. Оваа законска односно даночна мерка најмногу ќе ја почувствуваат токму оние кои имаат два просечни лични доходи и оние кои се под тие два просечни лични доходи. Што значи тоа. Ако веќе официјално статистиката на Република Македонија тврди дека тој просечен личен доход е 100 ДМ, значи 100 илјади денари. Ако очекуваме бран на инфлација која можеби за два до три месеци и тие 100 ДМ просечна лична плата ќе се сведат веќе на 60 или 50 ДМ, за неколку месеци тоа сите ние ќе го почувствуваме тогаш што ние добиваме. Добиваме пак ќе дојдеме до она никаква социјална компонента нема со овој даночен закон туку напротив имаме еден обичен грабеж. Зошто? Затоа што ако на работник кој зема 100 илјади денари му земете 20% и го оставите да живе со 80 илјади денари и да ја прехранува фамилијата, ве молам да не зборуваме за социјални демагогии од типот социјална држава, незнам каква помош. Тоа е најдобриот начин да го уништите човекот. Јас ве уверувам дека такви даноци немало досега во ниту една држава и токму тука е нашата разлика на политички концепции.

VI/1 ПЈ/ПН

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Сметаме дека токму ова е една социјална економска демагогија. А, впрочем самата пракса на овој данок ако влезе во употреба, а коалицијата, колационата влада има доволно мнозинство во македонскиот парламент овој закон, овој даночен систем да го промовира во јавноста и да стане пракса за многу кратко ќе ги видите сите последици на еден ваков даночен систем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас мислам дека е среќа што парламентарното мнозинство има мнозинство, инаку, ќе бидеме држава без даноци. Јас ќе кажам една вистина приказна, еден мој сосед ми ја има кажувано. Во Струга кога победиле во 1945 година после војната комунистите вршел проповед помеѓу селаните и рекол: ако ние ја освоиме власта ние ќе ги укинеме даноците и вие нема више да имате даночни зафаќања гласајте за нас. Тие избори биле и така и така наместени. Еден стар селанец му рекол Сине од вас нема држава, нема држава без даноци, ако ми обеќаваш дека нема да ме оданочуваш, ќе нема да направиш држава.

Прво, за различните концепции. Различни концепции има, меѓутоа нема држава во светот која нема социјална функција во даноците. Држави со нај, во историска смисла заостанат економски систем односно најлиберален, најблизок до 19 век, како што се јапонската, американската

држава итн. имаат силна социјална функција во даноците. А да не зборуваме за европските држави во економска смисла, кој се знае дека се посоцијално ориентирани. Мене ми е жал што пратениците кој говорат на оваа говорница не знаат дека во оваа држава најголемиот личен доход не е коефициентот кој ние го утврдуваме, тоа е најголем личен доход за функционерите кои се избрани од ова Собрание. За сите други си постојат закони, нормално и на заработувачката, па не 4,5 туку има пута 20 од просечните лични доходи.

Инаку, да кажеме дека во овој момент сите ги плаќаат даноците што е нудат како најниска стапка. Така, ништо ново не се случува во тој домен дека ќе се врши грабеж и одземања, а само се предлага прогресивно оданочување на оние кои имаат повеќе.

На крај, за да се оданочи некој се задоволува една друга функција на даноците, а тоа е фискалната класична функција на даноците. Зашто, ние не можеме да воведеме само даноци со социјална функција без фискална функција. Ако ги исклучиме по вашиот предлог тие до 2 просечни лични доходи. Кај нив е по основа на фискална функција на даноците. Меѓутоа, јас навистина не мислам понатаму да зборувам, можете понатаму да кажете што сакате, нема да се јавам за реплика, се работи за класично непознавање. Овде веќе не е разлика на концепции, се работи за непознавање на материја.

**ФАИК АБДИ:**

Како пратеник ценам дека овие дискусии се доста корисни во однос на предлогот за донесување на овој закон. Веројатно, нашата Влада ќе седне, ќе размисли, и ќе ги види забелешките што овде се разговарало, меѓутоа, мислам дека нема смисла овде настана некој политички натпревар

кој повеќе или помалку ја познава проблематиката, само заради едно да не слушаат луѓето што зборуваме, кој кого брани и кого напаѓа. Генерално мислам дека законот што е предложен, поготово, членот 12 кој што создава мала забуна, тој е нов член за нас како Република Македонија, нова работа е, меѓутоа ние имаме држава, ние имаме општи општествени потреби, имаме финансирање на функциите на општината на градот Скопје на РМ. И ако сакаме да ги финансираме доволно достојно тие функции, почнувајќи да кажеме од Месната заедница, зашто и таа таму нешто троши, па се до овој Парламент односно до државата, се разбира, вклучувајќи ја и одбраната итн., ние мора да донесеме еден нов даночен систем, персонален данок кој што да кажеме во услови сегашни даваме даноци, придонесе од доходот, до личниот доход, кој што го плаќа работодавачот во овој случај газдата односно фирмата каде што работиме, а ова другото за што сега станува збор е врз база на она што заработуваме и издвојуваме од тие средства за општиот интерес на Републиката, образованието, воспитанието, здравството, социјалата. Сега еден апел до сите доктори, лекари, професори до наставници дека ова го правиме заради едно подобро утре. Ако ние останеме тие 60 или 100 марки ако дојдеме до нив, ѓавол има да не носи. Ова е под услов утре или задутре да дојдеме до признавање до пресврт на нашето однесување кон процесот на производство во нашата свест да одиме многу понапред. Има земји, веројатно, Владата размислува и за тоа каде што при оданочувањето персоналниот данок на крајот на годината се прави една друга пресметка, па ако е тоа остварено им се враќаат и парите назад на граѓаните кои што платиле данок повеќе во зависност од тоа колкава била да кажеме функционалната потреба, оптималната потреба за општите општествени

потреби на една држава. Ние вчера расправавме за ребалансот на буџетот, од еден џеб вадиме и сакаме да ставиме во некој друг џеб. Од еден празен џеб ставаме пак во празен и тој пак празен останува. Таа целата замисла е при реално остварен општествен продукт и нето и бруто продукт, реално остварени примања побогата држава побогат народ, дури тогаш ќе дојде до одраз ова за што разговараме со овој закон. Инаку, ако останеме на она што сме, сигурно ќе бидеме победни. Меѓутоа, ако досега сме критикувале, молам, една системска определба која што кажуваше секому според трудот, онолку колку што може да земе, сега веќе гледате прогресивно оданочување, што поголем личен доход повеќе средства за општествените потреби. Создавањето на буџетот тоа е тоа. И, сигурно врз база на ова наредниот буџет ќе биде нешто поголем и сигурно издвојувањето за општите општествени потреби, а тоа е финансирање на дејноста на општината, градот Скопје и РМ ќе бидат средствата поголеми.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ние продолжуваме со една пракса од идеалистичката идеологија, нека ми прости Коле. Тој е уште млад и има да учи. Меѓутоа, ние не го кажавме главниот фактор за уништување на основниот стандард на нашиот човек. Тие 50 години се уништи стандардот на животот на човекот. Кога зборуваме за персонален данок, односно персонален актер за живот, треба да ставиме едно, кого ќе оданочиш. Вие тоа не го земате предвид. Затоа што одвај коегзистира човекот, не му стигаат средства да преживее минимален живот. Дали и на тие луѓе вие сакате да му го земете и последниот залог леб. Како тука ќе функционира тој закон. Според мене за

да се задоволат минималните услови за живот, треба стандард, треба основа. Се знае понатаму, колку стандардот расте, штом ја помине минималната и веќе има услови за живот, тука ќе се јави данокот. Што појак стандард на живот тука веќе ќе се земат и условите и ќе се определува данокот. Јасни се работите, господине Коле. И многу јасни. За да биде прогресивен еден данок, треба да биде прогресивен и стандардот. Според тоа и јас ако не сум економист ги гледам работите отворено. Го гледам човекот. Не може човек со една кондура или со две леви кондури да плаќа данок.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас немам многу да должам, меѓутоа, сакам да потсетам на неколку работи. Ние со Уставот се определивме дека сме самостојна, суверена и социјална држава. Сол Уставот се определивме дека ги определивме и принципите и носителите на социјална политика. Ако ги променивме носителите на социјалната политика, а сите надлежности ги префрливме на државата, а да ве потсетам дека своевремено со социјалистичкиот систем носителите на социјалната политика и организацијата на здружениот труд и месната заедница и општествено- политичката заедница итн. сето тоа пренесовме дека основен субјект на социјална политика ќе биде државата. Како сега државата ќе може да ги извршува сите оние задачи во рамките на социјалната политика, ако не обезбедува еден даночен систем. Во таа смисла без разлика каков ние стандардот, дали е мал или голем, ние мораме да имаме некакво даночен систем, а се разбира социјалната политика бара еден прогресивен даночен систем, со тоа што богатите повеќе да издвојуваат средства аз државата и во таа смисла неминовно е

донесување на еден ваков закон на кој начин би ја обезбедиле и социјалната политика во рамките на македонската држава. Во таа смисла јас лично, имајќи ги предвид промените и на принципите и на носителите на социјалната политика комплетно го прифаќам овој предлог на закон заради тоа што е во функција на социјалната политика.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници, почитувано претседателство, јас прво би сакал да поставам едно прашање незнам до кого, до Владата, не е пратеничко прашање, дали со овие стапки што ги одредуваме во оваа даночна политика го постигаме она што го зацртавме порано во даночната политика што велиме ако како сиромашна земја да не одиме да остане 70% за производителот, туку со 60%. Дали ние со овие стапки на пораст на ваквата даночна политика обезбедуваме 60% за производителот, а другите давачки да останат за опстанок на државата.

Јас сакам да ја поддржам дискусијата на господинот пратеникот Ајдарага, со тоа што се сложувам потполно дека индивидуалните земјоделци не ќе можат да водат такви даночни книги, заради тоа што тие повеќето се земјоделци во години, остарени и тие занаетчиите што се пошколовани, што се поинтелектуално развиени, не можат и не ги водат тие книги исрпавно, а камо ли едно земјоделско семејство над 60 години старост ќе водат такви книги за приходи и расходи и не ќе можат тие никогаш тоа да го сторат. Сметам дека приходите на таквите земјоделци лесно можат да се регистрираат, заради тоа што не се такви ситни приходи да не можат да се регистрираат. Да земеме на пример индивидуалец,

производител на пченица, репа, сончоглед тука ги дава приходите, наеднаш се регистрира веќе во организациите откупни, стопанските веќе имаат точни податоци кој колку и колку се продадени. Дури се тие за мене најточни показатели, евиденција, отколку оној што ќе ја води таа даночна администрација. Затоа, предлагам да бидат тие ослободени од таквите даночни стапки.

Потоа, се слагам и со тоа дека реонот на ридско - планинските и пограничните подрачја се многу стеснати до 5 км., а ние веќе повеќе од тие ќе ги пропуштиме и сметам да си остане онаа иста определба што беше до 15 км. да се сметаат за ридско - планински и погранични реони во Републиката за да можат да се оданочуваат.

Уште една работа, дали со овие стапки прогресивни каде што водиме и веќе донесовме закон за приватизација на општествениот капитал на овие ситни производители вака со овие стапки можеби тоа може каде што се во развиените западни земји каде што тој профит кај нив е над илјади и илјади долари, така што тоа може да оди. А ние веќе прв пат почнуваме за приватизација на општествениот капитал и имаме многу ситни и дали стимул со овие вакви показатели ќе дадеме стимул за развиток на тоа земјоделство и занаетчиство, а тоа постепено како ќе се збогатува така повеќе да одат овие прогресивни оданочувања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас своето право практично за предлози го искористев, меѓутоа, поодделни пратеници говореа дали некои од нив го разбира системот или е недоразбирање на предлогот и слично, па ме наведе на една обврска да се пријавам околу тоа што е социјална држава, а што е систем на оданочување, при што овој предлог на закон односно за донесување на закон текстот го содржи.

VI/8

Член 1, покрај другите својства на РМ после вели и социјална држава. Под име социјална држава, не значи милост. Дозволете, основно што треба и кој треба да биде зафатен со ова.

Член 33 од Уставот секој е должен и кога се кажува секој се мисли на граѓанинот, да плаќа данок и други јавни давачки и учествува во измирување на јавните расходи на начин утврден со закон. Што значи дека секој ќе плаќа на начин утврден со закон.

Настана спор околу одредницата на предложениот текст во член 12. Се говореше што треба да биде, дали некои разбира што е минимален личен доход, дали некои поинаку сфатил или не. Јас ќе прочитам едно.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Стапките на персоналниот данок од доход се прогресивни и изнесуваат, се вели до 2 минимални лични доходи е 20%. Тие според образложението се 98% во Македонија. Не просечни, туку се говори за 2 минимални лични доходи. Понатаму, веднаш после стапките каде што дава прогресија, па кажува до 2, значи почнува и од еден . Понатаму вели над 2 до толку и над два тоа е прогресијата. Се вели дека минимален личен доход претставува просечен месечен бруто. Дозволете, господа што претставува минимален личен доход. Читајте што пишува во текстот, а не што мислите. После даночната стапка, па вели минимален личен доход претставува просечен месечен бруто доход на вработените. Се вели на овој му е името вака и вака, тој е човек. За да кажеме кој човек е, еве му го името. Претставува месечен бруто што значи дека сите давачки се зафаќаат. Читам понатаму: вработен во Републиката во годината за која се утврдува данокот. Тоа претставува за овој закон а не за сфаќање. Според податоците на Републичкиот завод за статистика ќе беше друго ако останеше нето. Овде се работи за бруто. Тука влегуваат сите давачки, но за просек и навистина сега ќе настане недоразбирање дали некој ќе сфати она што ќе го прими на рака, или просечниот во Република заедно со нето. Кои ќе бидат ослободени? Па никој не е ослободен. Затоа викаме дека кога кажуваме процентот од 20% е голем. Ќе треба да се оди на пропорционален. Во тоа е и моето реагирање, а што некој ќе каже ова проњечен бруто значи друго, јас не го разбирам, нека го чита.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Очигледно говорницата стана место за промоција на партиски програми и тоа е добро, ќе видиме која програма ќе се оствари и како ќе живее народот од таа програма. Сите овде гледам се залагаме за социјална политика и тоа е добро но по мене овде се наметнува една вештачка енигма, дилема, дали е пропорционален, или е прогресивен

модел на оданочување што во крајна линија за мене и не е толку битно. По мене се битни две работи што мислам дека официјалниот предлагач треба да ги земе во предвид, а кои не раководеа да ги кажам искуства- та во развиените демократски земји.

Прво, плаќање на данокот на лице место и упростување на работата на даночните службеници.

Второ, што е многу важно при одредување на оваа социјална политика вкупниот влез на приходи во едно семејство. Не може да се оданочува, а се зема данок од вработено лице кое што ги исполнува овие критериуми според официјалниот предлагач ако тоа лице е единствено што работи во една фамилија која на пример брои 5 члена. Велам петчлено семејство од причина што ние по таа некоја порано донесена популациона политика сме решиле како држава да го штитиме тоа семејство од 5 члена. Значи едното семејство може да брои два члена од кои што и дваицата ќе работат и кои што ќе внесуваат во семејниот буџет одредена сума на пари и ќе бидат одданочени на таа сума пари, а во исто време исто семејство со 5 члена ќе внесува иста сума пари и ќе бидат оданочувани. Тоа на запад го нема. Затоа ве молам да се прилагодите господа, официјални предлагачи, бидејќи ние сме решиле да го штитиме стандардот по таа некоја популациона политика од порано на 5 члено семејство, тогаш да видиме колку се вкупните приходи, па врз основа на вкупните приходи во семејниот буџет на тоа 5 члено семејство ќе одиме со оданочување. Инаку се друго кажано досега беше една промоција и евтина пропаганда на партиските ставови.

Само сакав нешто да го потсетам господинот Никола Поповски нашиот нов колега кој што кажа еден пример и со потсмев зборуваше за тоа што правеле комунистите 1945 година при агитирањето за изборите . Да не се потсмева на тие комунисти од 1945 година бидејќи пред неколку месеци во Уставниот суд на Македонија кога се расправаше за имотот на

Комунистичката партија кој застапуваше таму сосема спротивни ставови, се претставуваше дека неговата партија е наследничка на комунистите и со полно право го бара имотот создаван 45 години.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

И мене ме повлекоа некои дискусии да зборувам за проблематика во која што ниту сум стручен ниту, имам доволни познавања. Меѓутоа, мислам дека не треба да искажуваме нетрпеливост спрема бројните учесници кои што учествуваа во расправата заради тоа што сепак од се она што беше кажано овде има одредена корист и ќе и помогне да се подобри основниот текст на предложениот закон. Јас не знам дали не притиска нешто што имаме во главата, а што следи како програма после претпладневната сесија на оваа 53-седница, нејзино 4 продолжение, меѓутоа сепак треба да бидеме трпеливи заради тоа што овде се отворија повеќе прашања кои што се од корист и на предлагачите, а се и од корист и на нас пратениците кои што не сме доволно стручни за проблематиката, а јасно од корист и за граѓаните врз кои што овој закон утре ќе треба да се применува. На пример за мене беше посебно значајно прашањето кое што се отвори за ридско - планинските и погранични региони каде што се предвидува одредено ослободување од даночни обврски за класификацијата на тие региони, за врската на таа класификацијата со класификацијата на земјиштата итн., бројни други прашања што беа отворени и околу тоа каква може да биде вкупна, колективна, семејна одговорност во моментот кога ќе се дојде во ситуација да еден даночен обрзник не си ги исполни обврските итн., Меѓутоа ме повлекоа некои дискутанти да излезам и да го кажам само тоа што го знам за сигурно и да се обидам да потврдам дека немаа право во одредени свои тврдења. Додека работев во образованието, го гледам овде и колегата Бранко Арсовски кој што делува во сферата на социјала за која што и зборуваше, имавме судни маки се до пред две години да извршимне одредено усогласување по општините каде што бруто давачките на нето

личниот доход одеа во расчекор од 48% на пример во Титов Велес, до 84% во Гевгелија итн. Но денеска за сигурно знам дека давачките на секој личен доход кој што нетото го прават бруто се во просек во Републиката 60% и затоа сакам да го кажам следното. Апсолутно не е точно тврдењето што овде денес се искажува дека со тоа што со законот се предвидува оданочување со стапка од 20% на сите тие што ќе имаат до два просечни лични доходи се воведува нова стапка и се осиромашуваат луѓето кои што имаат лични доходи до два просечни лично доходи. Денеска и од се- когаш назад сите вработените имаат оданочување во износ од 14% и тоа на бруто износот на своите примања кој што е за 60% поголем од нето износот. Ако направите една обична пресметка дека еден вработен кој што денеска зема 100 илјади денари, за да добие нето 100 илјади денари треба да заработи 160 илјади денари и дека се оданочува на тие 160 илјади денари 14%. Тој издвојува секој месец 22 илјади и 400 денари Ако на 100 илјади денари сега се предлага стапка од 20% значи истиот ќе издвојува само 20 илјади денари што значи за две илјади и 400 денари помалку ќе биде оданочуван, а не дека ќе биде повеќе. Меѓутоа, недостатокот на тие средства најверојатно ќе се надокнадува со тоа што ќе се добие со воведување на прогресивни стапки на оние што имаат над 3, над 5 просечни лични доходи итн.

И последната работа за која што сакам да дадам сугестија со оглед на тоа што престојував повеќе пати и на запад, и во фирми кој што работат стриктно во стопанството и во ифрми од нестопанството. Станува збор за следното. Не е битно во кој член во предлогот на законот е кажано дека ќе има одредено ослободување од давачките за сите оние кои што делот од својата добивка ќе го вложат за изградба на објекти за набавка на машини за проширување на дејноста, дека ќе има ат ослободување на дел од таа добивка, меѓутоа не повеќе од 30% ми се чини дека таа стапка е многу ниска и дека треба да се стимулираат луѓето на таков начин дел од

добивката не да оди на потрошувачка на лични доходи, или незнам на што, туку да се вложува во материјални добра кои што целото општество го прават побогато, ќе отвараат перспективи за нови вработувања за нови производи, новата добивка од нив повторно да се вложува во изградба на објекти и набавка на машини итн. предлагачот треба да размисли и да направи една проценка, да направи преглед кој е тој износ до кој што се ослободуваат даночните обврзници во западните земји за да бидат навистина стимулирани да одложуваат што повеќе во материјални добра како што вложуваат и како што се покажува дека е добро за да има што побрз прогрес. Значи сите решени треба да бидат стимулативни.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Кога во почетокот на расправата се вклучив мислев дека ние денеска го имаме на дневен ред предлогот за донесување на законот за персоналниот данок од доход и дека расправата требаше да биде во однос на предлогот за донесување т.е. така ми беше мене и дискусијата во делот на тоа дали има потреба од донесување на овој закон од оваа област и кои се основните принципи за донесување на овој закон. Но, бидејќи како и обично расправата наша наместо по Предлог за донесување на закон мина во материјална расправа како по Нацрт, или по Предлог закон, а бидејќи тука беа изнесени повеќе работи кои што мислам, па да не речам не се во ред, но сигурно заради доволна неупатеност во оваа област беа искажани доста работи кои што ме поттикнаа уште еднаш да се јавам за расправа. Да тргнам од мојот претходник тука што зборуваше, конкретно околу данокот за добивка. Ние имаме тука на расправа закон за персонален данок од доход. Како наредна точка ни е данокот од добивка и не треба тие работи да ги мешаме. Понатаму би сакала да објаснам одредена работа која што беше искажана во однос на членот 12. Ако добро го погледавте извештајот на Комисијата за финансирање и буџет која што неколку дневна расправа

VII/6.-

имаше само по овој закон, ќе можете да видите дека и ние како Комисија имаме одредени забелешки околу членот 11, 12 и упатуваме до Владата одредени работи во таа област кои што треба да се прецизираат со нацртот на закон. Така што во членот 11 стои дека на обврзникот му се признаваат како одбиток од даночна основица даноците, освен данокот од доход, придонесените за пензиско и инвалидско осигурување, здравственото осигурување на вработувањето и другите јавни давачки што се платени од неговите приходи. што значи тоа? Тоа значи една сосема нова основица за оданочување која што ние досега ја имавме. Сега нашите залагања се во тоа, да и во членот 12 се прецизира и да нема расчекор во членовите како што е членот 3 каде што стои дека тоа ќе бидат во доходот според кои се утврдува даночна основица влегуваат следните нето приходи. Членот 3, членот 11 и членот 12 нашиот предлог е, мислам и со право конечно да се прецизира и точно да се утврдат. За членот 12 беше спомнато дека е тоа минимален личен доход, но ако добро го прочитате, а добро е напишано МЛД претставува просечен месечен бруто личен доход. Значи никаде не станува збор за минимален личен доход како основица во оданочувањето. Овде во Законот дословно стои и е објаснета скратеницата месечен личен доход што значи МЛД, тоа не е минимален туку е месечен. Но, мислам тука и не е спорно во оваа фаза. Ако ми дозволите само да ве потсетам на една работа вчера кога го донесовме ребалансот на буџетот сите имавме

амандмани мислам како пратеници за зголемување на ребалансот на буџетот. Интервенции имаше од повеќе пратеници дека треба секогаш парламентот да се залага за Буџет кој што нема ние да го предлагаме да биде поголем за било кој корисник. Сега кога зборуваме за стапките тоа што се наметнува, едно со друго оди. Сега зборуваме да имаме помали стапки граѓаните да не ги оптоваруваме,а од друга страна да имаме држава со своја војска со своја царинска управа, со средства за поттикнување на земјоделството со средства за студентскиот и ученичкиот стандард, со средства за партиципација во здравството итн.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**: (продолжение)

Сметам дека текот на расправата ќе беше поинаков ако имавме воведно излагање по новиот даночен систем и ако сите добиевме одредени сознанија за целокупниот даночен систем кој што се пред- лага во оваа фаза. Сакам само да кажам дека според објаснувањето на претставниците на Владата, на Комисијата за финансирање и буџет беше искажано дека она што се предлага пред се во членот 12 кај основната стапка од 20% дека тоа фактички не значи зголемување на даночните стапки. Даночната стапка сега изнесува околу 14 проценти и повеќе на данокот од личен доход на бруто личен доход е 14 проценти. Сега се предлага тоа да биде 20 проценти но на една видоизменета основица, дали е на нето или нешто друго, треба да се прецизира во наредните фази од расправата по овој закон, а по се изгледа дека е на нето затоа што се вади пензиското и здравственото осигурување, вработувањето и другите давачки.

Исто така, би сакала да кажам одредени работи кои беа искажани, а за кои не можам да кажам. Едноставно ми пречат затоа што не се точни.

Во врска со членот 18 кај приходите од земјоделска дејност, кој има две можности. Една е оданочување по катастарски доход, а друго е оданочување по вистински приход. Она што беше укажано од Мицевски, ако е стар земјоделецот, ако не може да води книги, ако нема помали приходи, ќе плаќа по катастарски доход. Но, на барање на даночниот обврзник може да се плаќа данок од земјоделска дејности и по вистински доход. Тука ништо не е спорно и е сосема вред. Друга работа е како ќе се утврдува тој

катастарски  доход, како ќе се валоризира, на колку време, дали тој е износ на она вистинското што треба да се оданочува, тоа е една друга димензија на проблемот околу оданочувањето по земјоделска дејност.

Инаку, во извештајот на Комисијата за финансирање и буџет има бројни забелешки. Има забелешки кои се однесуваат на терминолошкото прочистување на Нацртот на законот. Има суштински забелешки кои треба да се отстранат во понатамошната постапка по законот. Но, секако основно е, а тоа требаше да биде целта на расправата денес, дали има потреба од донесуваше на овој закон и сигурно ќе се согласите, од една страна велиме дека не можеме да ги донесеме системските закони, зашто не ги донесовме, кога ќе ги донесеме, а ние на вакви процедурални работи за кои уште на почетокот можевме да констатираме дали има или нема потреба тоа да се измени, имавме целодневна расправа денес околу тоа. После незнам на кого се лутиме во делот на донесувањето или недонесувањето на овие важни закони кои сигурно значат заокружување на економскиот систем на нашата Република.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, овој закон кој денес е на дневен ред за персоналниот данок на добивка мислам дека го менува и системот на оданочувањето. Од ден на ден на некој начин се оди на тоа даночниот систем да биде ублажен во однос на висината на стапките, меѓутоа, напротив, како да ги зголемуваме повеќе стапките, а основицата на даноците воопшто како да се намалува, за што треба да поведеме поголема сметка, како да паѓаат стапките а апсолутно да расте данокот со

тоа да го унапредуваме производството. Треба да обрнеме внимание на производството, да имаме поголема основица од каде да се наплатува. Меѓутоа, ние повеќе одиме да прибереме, да оданочиме, а помалку да стимулираме и помалку да произведеме со ваква политика. Не би сакал , како и некои пратеници што ни одржаа добри предавања, не би сакал да држам предавање, но сакам да кажам дека по мое мислење има потреба од донесување ваков закон, но не се согласувам со основицата која е предвидена. Мислам дека треба да се анализира и да се преиспита уште еднаш, потребите животни трошоци по член на граѓаните треба да влезе во функција на овој закон дали да се ублажи данокот, мислам да се намали основицата за животните трошоци, во законот да се имаат предвид животните трошоци . Секое тримесечје животните трошоци би требало да се одредуваат и тоа да биде присутно при оданочувањето.

Понатаму, не се согласувам со ставката на данокот кој се предвидува и стапката треба да се преиспита добро и да се анализира колкава треба да биде. Мислам дека би требало за секој данок, кога завршува годината да се направи информација, да видиме како се одразил данокот на граѓаните, на организациите односно на оние кои го плаќаат, кои се обврзници, па во тој случај да се донесуваат и насоките за наредната година. Реков дека постојано треба стапката да биде прогресивна и стапката да паѓа, додека апсолутно данокот да расте само со поголеми приходи и поголемо стопанство.

Да заклучам, значи прифаќам донесување на ваков закон, дека има потреба од него, меѓутоа, стапката и основицата треба да се анализира и притоа да бидат присутни животните трошоци на граѓаните што се неопходни за еден член на фамилијата.

VIII/4

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој закон треба да се чита цел и тој има конструкција. Член 2 односно текстот на членот 2 што се предлага јасно говори за персоналниот доход, па во заграда вели (во натамошниот текст) ова посебно го истакнувам, кога ќе ја толкуваме кратенката МЛД, "данокот од доход се плаќа годишно на збирот од нето приходи". Значи, основна работа во целиот текст на законот е нето приходи. Вели "и понатаму приходите од сите извори , освен оние што со овој закон не се опфатени да се плаќаат". Тоа е основното правило. Значи член 2 не дозволува да се зафаќаат бруто износи.

Членот 3 го дава основот по кој се стекнува плаќањето на данок од доход па ги набројува и вели: лични примања по основ на работен однос, од земјоделска дејност, приходи односно лични примања од стопанска и професионална дејност, приходи од имоти и имотни права и други приходи, Сега тоа е основ. Тука да дојде член 10-ти да каже што претставува основ и член 11 каде ја руши конструкцијата на целиот предложен текст на нето приход , а не на бруто и кажува дека во член 11, како што говореше госпоѓа Славјанка, таму се вметнува така да речам еден дивјак, придонесите за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и вработување и други јавни давачки, па дали тука ќе биде самопридонес и што друго може да се разбере под јавни давачки, се платени од неговите приходи , да не се земаат. Сега доаѓа спорниот член 12, почнува, не да каже МЛД со зборови е месечен личен доход, минимален личен доход, во натамошниот текст тоа е кратен- ка, туку веднаш се дава кратенката без да се каже што е. Сега нам ни дозволува да правиме манипулации. Јас подразбирам минимален личен доход, госпоѓата и другите велат дека тоа е месечен личен доход.. Не може кратенката да биде однапред ставена, кратенката е појаснување.

Тоа нема иста дикција. Вели: персонален данок на доход (данок на доход) - го именува што е!

Понатаму, појаснувањето на Благој Ханџиски дека ова сега е повластување, кога говориме за месечен нека е така, нека е минимален, нека е маестрален, како сака нека е, претставува овде е бруто, па како што говоревме тука се и придонесите и е 20% и на тие, место да биде на сто. Разговаравме со господинот Ајдарага, јас би го повикал да го појасни тоа, дали не е така сфаќањето на што се мисли кога се кажува месечен личен доход, па кажува што претставува. Ако е нето е 100 иљади денари,ако е бруто со овие е 160. Кажете ми 14% на 100 иљади денари и 20% на 160 кое е поголемо. Ако остане ваквиот предлог како што е, ние ќе имаме уште една работа. Не се вика "над 2" па дали се месечни или какви сака нека се, туку "до". Значи, на еден денар 20% се плаќа, тој има 80 пари од тоа за премии. Дали е така или не?

**РИСТО ЈОВАНОВ**: ( од место)

Се заморивме, никој не те слуша.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам, ако ги донесуваме вака законите кои го сочинуваат животот на граѓанинот! Ако господинот Ристо се заморува, нека си оди.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Благој Ханџиски бара реплика.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас се согласувам да не ги донесуваме вака законите, меѓутоа основен предуслов е секој што ќе излезе прво да се погрижи да ги осознае фактите и да ги презентира. Личниот доход на кој што се предлага: до просечни две плати - 20% оданочување, во себе сега не ги содржи средствата за фондот за здравство, за пензиско и инвалидско осигурување за социјала и Фондот за вработување. Кога ќе ги извадите тие давачки од личниот доход, личниот доход останува гол нето и на него сега се става

VIII/6.-

стапка од 20%, што дава точно 20 милијарди денари на 100 илјади. 14% на бруто личниот доход даваат 22 илјади и 400.

**ФАИК АБДИ:**

Законодавецот, во овој случај министерот за финансии би го молел, Владата би ја молел да го има предвид следното:

Ние донесуваме системски закони, вчера еден од колегите пратеници кажа дека економијата не се учи овде, се учи незнам каде, сигурно со одредено искуство, пракса, практичари итн., тоа е добро. Меѓутоа, мислам дека познавањето мора да се стекне со една рутина на секој од нас. Ние овде мора да разговараме за плати. Категоријата личен доход еден ден ќе отпадне, ние ли ќе носиме закони, закон за вкупен приход, за доход, за ова за она, и одамна знам дека отпадна. Мислам дека таму треба да стои нето личен доход или нето плата, полата да стои, а не месечен личен доход. Во месечен личен доход, иако се наброени, јас преска во позитивна смисла му кажав, му реплицирав малку од таму на господинот Ханџиски, во позитивна смисла, не во негативна дека ги разбира работите. Меѓутоа, ова што зборуваше колешката Славјанка Стојанова, немојте тоа да биде бруто личен доход односно да содржи и нешто од брутото. Тоа треба да биде нето. Владата да размисли дали тој процент од 20% што се предлага, го молам господинот министер ако сака да ме ислуша, дали тој процент од 20%што се предлага во моментот дали соодветствува, дали одговара или треба да се намали. Да се види што да се инкорпорира внатре, мислам дека тоа е многу.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сакав само на почеток да укажам дека е 5 минути по 13,30 часот и господинот Андов на закажаниот прием не чека.

Не сакам многу да гњавам, меѓутоа сакам да спорам со неколку излагања кои беа кажани од говорницата, а во врска со содржината на Законот кој се нуди. Никој не ја спори основаноста дека треба да се

прифати Предлогот за донесување на закон, меѓутоа, се спори содржината на текстот на законот која ќе произлезе во форма на предлог на закон токму од оваа расправа. Ако сега ние не укажеме на различните гледања во поглед на содржината на текстот, Владата не ќе може да из- влече предлог на содржина кој ќе одговара на расправата која што се води денес.

Лично сакам да го образложам предлогот за тоа дека стапките на оданочувањето треба да бидат пропорционални. Тезата дека пропорционалните стапки се вовед во урамниловка сметам дека е неоснована, барем за мене лично, и неодржлива и никој не спомна дека е против социјалната функција на даноците. Државата ниту ги максимира платите ниту пак ја утврдува максималната висина која што било кој стопански субјект на пазарот може да го оствари во форма на профит и да си утврди плата во самата организација каде што работи. Државата треба, за мене лично, да создаде услови за стопанисување, а секој сам создавајќи си го профитот сам да си ја врши внатрешната прераспределба на создадениот профит во претпријатието.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (Продолжение)

Ни сега државата нема којзнае какво влијание во внатрешната прераспределба на создадената добивка во стопанските субјекти и сметам дека она што во пазарни услови на стопанисување треба да го применува, тоа е пазарот да биде оној коректор кој што ќе го валоризира секој производ и услуга на секој што се занимава со производство и со услуги.

Понатаму, исто сметам дека овие даноци немаат врска со развојната функција, пред се, заради тоа што имаат чисто само фискален карактер. И затоа немаме развој на стопанството, односно администрацијата државна даноците ги применува и ги предлага да се донесат на начин на кој ги предлага, само да се обезбедат средства за финансирање на државната администрација, без да се направи никаков чекор и од Владата и од овој Парламент, таа државна управа и администрација да се рационализира.

Лично сметам дека секој може да се згрози од било која власт, ако од работниците и од граѓаните создаде социјални случаеви, за да може некој или некоја власт да си ја реализира социјалната функција на даноци. Камо среќа сите граѓани и да се богати, сите граѓани и да имаат работа и да нема социјални случаи за ко државата треба да измислува даноци преку социјалната функција да ја обезбедува егзистенцијата.

Ние и денеска имаме богати луѓе, меѓутоа, тоа е резултат, не на прогресивноста, или на пропорционалноста на даночните стапки, туку резултат на неефикасноста на даночната управа за да ги наплати даноците кои што даночните обврзници ги одбегнуваат и не ги плаќаат на државата.

**ДУШАН НИКОЛОВ:**

Почитувани пратеници. Идејата што ја имав, бидејќи министерот е после мене немам намера да ја предлага, но да ја искористам приликата да кажам дека овде практично се работи за документ кој е во почетна фаза од вкупните активности кои требат да се водат и нашите и концепции и неконцепции и сфаќања и познавања и непознавања, има кога каде и на кој начин да ги изразиме. Од тоа произлегува практично и предлогот за потребата од донесување на закон за кои ние како пратеници треба да дадеме согласност. Меѓутоа, мора да бидеме овдека сведоци, веројатно ако се впуштеше некој од нас во материјална расправа, можеби ќе беше умно самата Влада да го понудеше и економскиот модел, или математичкиот модел, на сите нас да ни биде јасно техниката на пресметката и веројатно од тоа ќе ни беа многу работи појасни.

Трета работа, мислам со префорсираното или пренаметнатото мислење во материјалната расправа влеговме во ризик за компромитирање на овој закон.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Очигледно дека овој закон отвори доста прашања и доста пратеници ги стави во една состојба да дискутираат доста енергично. Меѓутоа,се матам дека овој закон го заслужува тоа. Она што како коментар би го дал бидејќи ова ми е трето јавување, што можам да го кажам, бидејќи мислам е факт она што водечката коалиција има намера да го усвои, тоа ќе биде усвоено меѓутоа, како еден завршен коментар морам да го спомнам она што се појавуваше и во претходните два коментара.

Прво, многу ми е мило што и самиот господин Ханџиски ја направи таа математика, обична математика која и јас се обидов да ја направам, а

тоа е дека на еден просече , односно било просечен личен доход, нето доход во Република Македонија, кои изнесува не- каде околу сто илјади денари, данокот ќе биде само 20 илјади денари, значи на 80 илјади денари плата на граѓанин од Република Македонија тој данок ќе изнесува само 16 илјади денари, на 150 илјади денари некаде околу 30 илјади денари.

Ако оваа слика, односно оваа пресметка веднаш ја споредиме со личните доходи кои ги земаат нашите работници, службеници, земјоделци или било кој граѓанин што се во работен однос во Република Македонија, заклучокот ќе биде многу едноставен. Очигледно дека со ваков даночен систем нашите колеги од Социјалдемократскиот сојуз навистина докрај ќе ја оствраt својата социјална програма, а тоа е од цела Македонија да направат социјален случај, а 80 % од граѓаните на Република Македонија исто така социјални случаеви, на кои потоа секој месец ќе им даваат по две кила зејтин, по две кила брашно, за да ја остварат социјалната функција на државата. Тоа е резултатот на овој закон што ќе го видиме во практика за многу кратко време.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Репликата не е да полинизирам со изнесените ставови на господинот Георѓиевски, репликата е само да повторам тоа што е вистина. Сега и долго време наназад сите граѓани кој што имаат 100 илјади денари, имаат давачки од прилика 22 илјади денари . Со новото се предвидува да имаат околу 20, меѓутоа тоа не значи тој што има 100 и ќе ги донесе 100 илјади денари дома дека ќе му ги земат 20 илјади денари од дома. Тој треба да заработи 120 за да му дадат 100. Ништо друго не е во прашање, предлогот е поповолен отколку моменталната состојба ќе се надохнадува со тоа што тие што земаат пет пати потпросечен или 15 пати прогресивно ќе им се

зголемува стапката и ќе се навлечат средствата кој што им се потребни. Ништо друго не е во прашање.

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани пратеници јас ќе бидам краток. Ценам дека денеска имаме колега кој се занимава со економски а не со правни работи, меѓутоа во римското дрпаво пишува вака: ”сутер нон супер сутра" а во превод би бил кондураџија не оди подалеку од кондурите.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Изолиранаата илустрација дека граѓаните кои имаат 100 иљјади денари, тие што се во општествениот сектор, кој сеуште нам ни е доминантен, со донесувањето на овој закон ќе плаќаат 20 иљјади, или тие што имаат 60 ќе плаќаат 12, излегов овде со намера да демантирам дека тоа може кај граѓаните да го доведе во прашање потребата од донесување на закон, а не да ги елаборирам сугестиите кои ќе бидат прифатени. Тоа едноставно не е вистина. Со членот 160 од предлогот за донесување на овој закон престануваат да важат одредбите на законот за даноците на граѓаните. За да некој ова го тврди дека со донесувањето на законот ќе има таква обврска, потребно е да се изврши компарација, која во оваа фаза не сме сакале ниту било потребно, граѓаните од што ќе бидат ослободени од даноци, од постојниот закон што ќе престане и каква ќе биде обврската со овој закон. Тоа што сме сакале радикално го менуваме даночниот систем. Кој сака тоа, ова е. Сите тие престануваат одиме на еден поимот бруто нема да значи во иднина како досега во социјализмот, бруто личен доход. Бруто приходи се евентуално ќе бидат ако граѓанин остварува по разни основи, ако му ги собереш не е забрането граматички да се каже бруто, но не бруто во онаа смисла што сме плаќале придонеси. Меѓутоа и тоа е

дискутабилно може да се најде и друг по адекватен израз. Според тоа да не се создаваат погрешни претстави дека граѓаните со предлогот за донесување на овој закон ќе плаќаат некој друг данок на тие мали плати што ги имаат сега. Тоа едноставно не е вистина.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас само сакам да се осврнам на основните начела врз кои се засновува законот. Па би почнал приспособување на даночниот систем во условите во пазарни односи во стопанството. Гледајќи го предлогот на овој закон за персоналните даноци , можам да заклучам дека овој данок е предвиден за едно развиено пазарно стопанство, а не за приспособување. Еве зошто? Затоа што се вели конкурентност во однос на другите земји, во однос на зафаќањата, се разбира нормално, да имаме што помалку зафаќање, за да можеме странскиот капитал да го привлечеме на некој начин со тие зафаќања да дојде во Република Македонија и тоа би било добро, реков , ако овој закон е предвиден со своите одредби за еден преод, за една транзиција кон тоа пазарно стопанство. Меѓутоа јас лично мислам дека ова е предвидено за едно високо развиено пазарно стопанство. Ако земеме во членот 6 да видиме данок од доход не се плаќа на примања по основ на итн., каде што стои меѓу другото и помош за социјална заштита итн. Ако размислиме малку дека нашето стопанство буквално се наоѓа во еден колапс, во еден распад, излегува дека ние се претвораме во една социјална држава што значи еден голем број на граѓаните ќе нема по овој основ да плаќаат данок, што и не би требало нормално, меѓутоа, дали тоа ќе донесе напредок на државата, дали државата ќе собере за задоволување на своите функции буџетски средства.

Јас мислам дека ќе кажам уште еднаш дека овој вака пред виден закон, во права фаза, не сум против донесување на овој закон, меѓутоа треба да се размисли во Нацрт законот или во Предлог законот што ќе дојде да се предвидат клаузули за еден преод од ова стопанисување досега што го имавме, зашто не извршиме никаква трансформација, да не се лажеме, кон преод, да донесеме закон за преод, би рекол преоден закон за оданочување, а не закон , јас мислам вака како што е овде, тоа е мое мислење, без разлика, можеби некој нема да се согласи, дека овој закон е закон за персоналните даноци на едно високо развиено пазарно стопанство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да ги усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за персоналниот данок од доход.

Второ, Собранието ја задолжува Владата да изготви и на Собранието да му достави Нацрт на закон, при тоа да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието. И се разбира денешната дискусија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Дали има некој друг предлог за заклучок (нема).

Тогаш ве молам кој е за предложениот заклучок да крене рака. (53)

Кој е против? (4)

Колку се воздржуваат од гласање? (б)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Господинот Ќелешов сака да каже нешто процедурално.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Само едно кратко обраќање до Владата на Република Македонија, од името на пратениците на Кумановци и од името на граѓаните на Куманово. Познатата хаварија на Електросистемот во Куманово го доведе градот и граѓаните во извонредно тешка ситуација заради недостигот на електрична енергија. Бидејќи најголемиот број на семејства за затоплување и основните семејни потреби користат електрична енергија, а како временската дистанца во кој таа е присутна во домовите е недоволна за покривање на основните семејни потреби и се обраќам на Владата на Република Македонија да изнајде начин да му обезбеди на градот доволно количество на нафта и гас за домаќинството со кој што енергенси би се ублажиле актуелните последици од недостатокот на електрична енергија. Верувам дека Владата ќе најде разбирање и можности да ги исполни очекувањата на граѓаните на Куманово.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека го делам вашето мислење да се придружиме кон овој апел како пратеници.

Со оглед на фактот дека е ова последна седница на Собранието во оваа година, а се договоривме да работиме до 13,3о или до 14 часот, јас користам прилика да ви ја честитам Новата година, да ви посакам добро здравје, повеќе конструктивна работа и редовно присуство на седниците. Среќно и се најубаво. (аплауз)

(Седницата заврши во 13,55 часот)'.